# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од седмото продолжение на Педесет и петтата седица на Собранието на Република Македонија, одржана на 19 мај 2004 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,05 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Почитувани пратеници, продолжуваме со работа по Педесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Трифун Костовски, Каролина Ристова, Томе Тромбев, Цветанка Иванова, Зоран Шапуриќ, Љибчо Георгиевски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Орданчо Тасев, Слободан Чашуле, Сашко Кедев, Ганка Самоиловска-Цветанова, Љупчо Јордановски, Ванчо Георгиев и Јани Макрадули ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Со оглед на тоа дека вчера  застанавме на 29-та точка, тоа беше - Предлог за донесување закон за библиотеките, претресот го заклучивме и сега треба да се гласа.

Јас би ги замолила сите колеги пратеници што се наоѓаат во Собранието да влезат во салата за да можеме да гласаме.

Во меѓувреме ќе го прочитам заклучокот.

Прво, Собранието на РМ го усвојува предлогот за донесување закон за библиотеките.

Второ, Владата на РМ ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон при што ќе ги има предвид забелешките, мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела, како и од расправата на седницата на Собранието на РМ.

Трето, овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на РМ да се достави до Владата на РМ и до Министерството за култура.

Пред да преминеме на гласање, јас уште еднаш ги молам колегите и ги молам координаторите на пратеничките групи да помогнат да обезбедиме кворум.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата. Во меѓувреме ги повикувам уште еднаш пратениците кои што се наоѓаат во Собранието да влезат во салата за да можеме да гласаме.

Мислам дека сепак треба да направиме пауза од 15 минути. Но јас би ве молела да бидеме во близина, имаме најави дека колегите пратеници кои што се отсутни до тогаш ќе стасаат.

Пауза од 10,20 часот до 11,00 часот.

(По паузата).

Продолжуваме со работа.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Јас ги замолувам колегите пратеници што се наоѓаат во Собранието да влезат во салата за да можеме да продолжиме со работа.

Колеги, очигледно ќе треба да менуваме Деловник по урнек на европските парламенти со тоа што еден ден во неделата би се гласало, а би се дискутирало непрекинато во сите останати денови. Мислам дека тоа е повеќе од потребно заради ефикасност во работењето.

Јас ги молам координаторите ако можат да помогнат да се обезбеди кворум.

Предложениот заклучок, го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници од 61 присутни. Сите 60 гласале за.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точката 30 - **Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права**.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Јордан Михајловски.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитуван министер, претставници на Владата и колеги пратеници,

Денеска расправаме за донесување на закон за изменување и дополнување на Закон за авторското право и сродните права. Авторското право е едно од основните права со кои се штити интелектуалната сопственост и формите на духот и литературните дела, фонографските записи, музичките дела, филмските дела, со еден збор

творештвото. Закон кој постојано е на преиспитување и дополнување и во земјите на ЕУ. Со оглед на тоа дека се наоѓаме во една етапа на развој информациско општество, од ден на ден се менуваат средствата и методите и начините со кои се презентираат и се објавуваат делата. Затоа е и потребата од законско прилагодување и штитење на авторското право речиси е перманентна . Во нашата пракса ние уште во 1996 година го донесовме Законот за авторски права. На почетокот на 1998 година тој претрпе измени. На крајот на 2002 година го дополнивме, фактички ова е четвртто усогасување на Законот за авторски права . и земјите во ЕУ имаат проблем со усогласувањето и дополнувањето на овој закон. Конкретно ќе го кажам примерот дека експертите од француската музичка индустрија деновиве покренаа судски процеси против пиратите на интернет. На светскиот фонографски Пазар минатата година беше евидентирано намалување на работењето за 11%, додека прометот преку интернет се зголемил за 400%, што значи се зголемиле пиратските дела преку интернет. Нашето Министерство за култура пред извесен период согласно Законот покрена една кампања, јас би рекол позитивна кампања со која беа уништени пиратски компакт-дискови. Тоа беше само една најава дека државата е спремна да стави ред во оваа чувствителна сфера и да ја штити интелектуалната сопственост и творбите на духот. Меѓутоа, ова може да се свати само како една мерка која целосно не ги решава проблемите. Затоа создаде правна регулатива во сферата на заштитата на авторското право која е повеќе од потребна.

Со Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за авторско право и сродните права се врши понатамошно усогласување со директивите на ЕУ со што се постигнува поголемо ниво, и можност за ефикасна заштита на авторското право и на сродните права. Во односите што ги уредува законот за кој зборуваме денеска преку соодветно дефинирање на поимите е постигнато и терминолошко усогласување со директивите на ЕУ. Воведени се нови права, ова пред се се однесува на доуредување на правата во однос на изведувачите на фонографските продуценти и на филмските продуценти и на радио телевизиските организации. Една од основните цели што се постигнува со хармонизирање на директивите на ЕУ е регулирање на пазарот на авторски дела и предмети на сродни права како што се информатичкиот аудио-визуелниот и фонографскиот и слично. Со ова се постигнува не само нормативна усогласеност, туку се воспоставува и систем на заштита еднаков, или сроден како оној на земјите во ЕУ.

Една од најважните измени во членот 12 од законот се однесува на ограничување на правата по однос на јавно позајмување воспоставени со член 21-д. каде од ова право се исклучени архитектонските дела и делата од применетата уметност и од дизајнот. Користејки го ова право дел од најзначајните национални установи од областа на

културата и образованието се растоваруваат од еден дел на нивните издатоци, а ова е во корист на нивните скромни буџети.

Во однос на аудио-визуелните дела следејки го духот на директивата во член 35 од Предлогот прецизно е дефинирано што претставува филмски продуцент, а воедно е дефиниран и поимот видеограм како прва снимка на аудио-визуелно дело, или друга аудио-визуелна снимка со , или без тон. За мене многу значајно е и усогласувањето со директивата 2001 - 29 ЕЕЦ за хармонизација на авторското право и сродните права во информатичкото општество и за отворените проблеми во оваа сфера за која зборував на почетокот. Од содржинските усогласувања во членот 6 од законот и секаде низ текстот изразот: дела од народното творештво , се заменува со изразот: фолклорни дела. Се на се со квалитетните промени во сферата на авторското право и сродните права се постигнува целосна хармонизација со директивите на ЕУ, а кај нас се отстрануваат правните дилеми и празнини во сферата на правата и заштитата на творештвото во сите сфери што треба да се штитат според европски стандарди. Со оглед на тоа дека се работи за четврто усогласување на овој закон најверојатно Парламентот наскоро по предлог на Министерството ќе мора да расправа за нов квалитетен закон за заштита на авторските права.

Пратеничката група на СДСМ ќе го подржи овој закон.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор госпоѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитувана потпретседателке, сакам накратко да го искажам и мојот став по однос на законот за авторско право и сродни права. Овој текст кој што го имаме, како што кажа претходно и колегата неколку пати досега е изменуван и дополнуван. Самиот закон за авторско право и сродни права е обемен и е релативно хаотичен текст кој што во иднина треба да се ревидира во насока на полесно читање и поконцизен и попрецизен законски текст. Во оваа смисла треба да се размисли за следниве прашања. Дали е можно законот да се подели на два текста, еден да биде за авторско право, а еден за сродни права. Понатаму, дали има потреба законот да се занимава со содржината на договорите поврзани со авторското и сродните права, тоа се издавачките договори, договорите за јавно изведување, договорите за нарачка на авторско дело, авторско дело од работен однос, или пак тие можат да се регулираат со подзакоснки акти што треба да се донесат. Понатаму, дали законот е конзистентен во дефинициите на поимите кои во него се

користат , бидејки оделни поими се дефинираат во детали, додека други само се нафрлаат. Дали законот потикнува монополска позиција на одредени тела, на пример здруженијата за колективно остварување на авторски права кои што се содржани и објаснети во членовите од 138 до 155, а особено во член 144 став 2 во кој се вели дека за ист вид авторски дела поправило се издава дозвола само на едно здружение. Дали второстепеноста на одредени жалбени процедури од Министерството за култура до Владата е правно издржано . Дали предлагачот соодветно ги внел усогласувањата со регулативите на ЕУ и дали точно се повикува на меѓународните документи кои што ги именува во своето образложение.

За некои сосема ситни забелешки нема да се задржам, бидејки тоа може и во наредните фази со амандмани да го менуваме. Меѓутоа, сакам посебно да се задржам на член 60 став 2 којшто го менува членот 144, односно во членот 144 досега се зборуваше за тоа дека за колективното остварување на утврдените права од членовите 139 и 140 на овој закон, а во овие членови се зборува за колективно остварување на авторските права во однос на објавување на несценско музичко и несценско книжевно дело, кабловско реемитување на авторските дела , понатаму репродуцирање на музички и книжевни дела, изнајмување на фонограми и видеограми, објавување, односно репродуцирање на делови на авторски дела, како и дела од областа на фотографијата, ликовната и применетата уметнсот, архитектурата, дизајнот, картографијата, актуелни написи од дневен и периодичен печат. Значи, едно мноштво на авторски дела се покрива со овој член. И овде се вели дека за колективно остварување на утврдените права од овие два члена за ист вид авторски дела по правило се издава дозвола само на едно здружение.

Јас сметам дека треба да се промени членот 60 став 2 и тоа на следниот начин. Доколку врз основа, бидејки се зборува во став 2 дека Министерството за култура издава дозвола, односно привремена дозвола со решение за колективно остварување на определени права на правно лице што не ги исполнува условите од член 142 на овој закон, а во привремената дозвола се определува рокот и условите за привремено колективно остварување. Сметам дека треба да се дополни со следниот текст: доколку врз основа на конкурсот од став 1 на овој член не издаде дозвола заради тоа што на конкурсот не се јавиле здруженија кои што ги исполнуваат условите од член 142 на овој закон, Министерството за култура тогаш може да издаде привремена дозвола за колективно остварување на определени права на правното лице што не ги исполнува условите од член 142. Понатаму, во привремената дозвола се определува рокот и условите за привремено колективно остварување. И треба да се додаде дека овој рок не смее да биде подолг од една година. А Министерството е должно пред истекувањето на

тој рок повторно да го објави конкурсот и привремената дозвола на едно правно лице може да се продолжи само уште еднаш по датумот на кој истекува за период не подолг од една година. Ова ќе го објаснам на следниот начин. Со вметнување на овие одредби се спречува Министерството за култура по свое наоѓање , а вон одредбите на јавниот конкурс да издава привремени дозволи на неопределено време на здруженија кои што не ги исполнуваат условите на конкурсот. Понатаму, деловите на член 62 од Предлогот кои што се однесуваат на менувањето на член 146 од Законот за авторско право и сродни права во насока на воведување на комисија за посредување на авторско право и сродни права. Имено, новопредложените ставови 6 и 8 како и членот 63 на Предлогот кој се однесува на воведување на два нови члена во законот треба да се бришат. Ова ќе го објаснам на следнито начин. Во своето образложение за одредбите во законот што се менуваат, или се дополнуваат, предлагачот воопшто не ја објаснува потребата од воведување на една ваква комисија. Тој не соодветно ја поврзува со транспонирање на членовите 11 и 12 од директивата 9383 на ЕЕЦ за координирањето на определени правила што се однесуваат на авторско право и правата што се поврзани со авторско право и се преминуваат на сателитското емитување и кабелското реемитување. Овие членови се однесуваат на медијација т.е. посредување, но само во случаи на кабелско реемитување, а не и во однос на целиот корпус на авторски и сродни права како што е применето во законот. Исто така, во ниеден случај органот, или органите за посредување во овие два члена на именуваната директива не се идентификувани како комисија именувана од Владата. Значи Владата треба точно да ја примени оваа директива и да не прави интерпретација и да не именува комисија од Владата, бидејки тоа не стои во директивата. Освен ова член 12 од директивата 9383 конкретно зборува за дозволи за кабелско реемитување, проблематика која што во РМ делумно треба да се покрива и со законот за радиодифузија кој што е во процедура. Толку накратко за она што сметам дека најсуштествено треба да се промени. И повторно ќе апелирам до Министерството да направи еден пречистен текст врз основа на кој што ќе можат многу поуспешно да се снаоѓаат луѓето на кои што навистина им е неопходен овој законски текст.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г-динот Јордан Михајловски.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Прво, на колешката да и кажам дека со вонредни консултации што си ги направила со други лица, успеала да интерпретира делови од она што некои ги засега. Меѓутоа,

сакам да и укажам  на тоа дека терминолошко усогласување со директивите на ЕУ е постигнато, нема никаков волонтеризам во текстот што го предлага Владата.

Второ , не гледам никаков монополизам во ова што се нуди во ова усогласување со законот, со оглед на тоа дека се прави усогласување со директивите на ЕУ.

Авторските и сродните права одат во кохезија. Не гледам причина зошто сродните права би се издвоиле од авторските права. Тогаш, со што би аплицирале сродните права, со која атрибуд и суштина би се врзувале сродни права, ако авторството не е суштина.

Друго, јас реков во излагањето, а тоа го прифаќа и Владата дека наскоро ќе се излезе со нов законски текст. Така што доколку има некои проблеми , а се чини дека ќе се отвораат понатаму, мислам дека новиот законски текст ќе ги затвори сите тие дилеми. Меѓутоа, сакам да кажам она што е основно во овој момент, на колешката да и кажам , дека е направено целосно усогласување со директивите на ЕУ. Тука не постои никаква игра, или задни намери, затоа што ние се наоѓаме во една фаза на аплицирање кон ЕУ и нам ни е цел и на оваа Влада и на овој Парламент законите што ги носиме да бидат во целосна хармонизација со директивите и со законодавството на Европската Унија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

За збор се јави госпоѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Мене ме радува тоа што имаме ист став со колегата, што текстот треба навистина да имаме нов пречистен текст, а не онаков каков што е сега. Исто така, ме радува тоа што го делевме заеднички она што е потребно и за овој закон и за сите други закони дека треба да бидат усогласени со директивите на Европската унија. Јас се задржав само на два члена, од кои што едниот директно зборува за примена на директиви на Европската унија, односно директивата 9383 и членовите 11 и 12 и сосема друго се интерпретирани и внесени во законскиот текст, отколку што се во директивата. Тоа беше мојата забелешка, бидејќи таму се зборува за кабловското реемитување, а не за целиот корпус на авторско право и сродни права, како што е применет во законскиот текст. Значи, да разграничиме и јас сум за примена на европските директиви, меѓутоа, точно да бидат наведени, а не да бидат интерпретирани или додавани и други работи или генерализирани како што е во овој случај. Ако е конкретно директивата само за кабловското реемитување, да си биде за кабловското реемитување, да не ги прошируваме и за сите други авторски сродни права. Тоа ми беше зборот. Може,

конкретно, да се земат директивите на Европската унија кај нас и да се споредуваат законските текстови. Мислам, нема потреба од наши лични интерпретации.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Министерот за култура господинот Благоја Стефановски.

БЛАГОЈА СТЕФАНОВСКИ:

На крајот, бидејќи сме за овие пакет закони четири, јас сакам да се заблагодарам на пратениците кои дадоа свои видувања и кои ќе бидат разгледани. Околу ова сакам само една дилема да кажам дека Законто за авторски прави и сродни права е недделива целина и околу тоа не можеме да дискутираме. Сите овие други работи ќе ги ставиме на маса и повторно кажувам, иако и овој текст е усогласен во последната фаза со експерти од ГТ Институтот, а и сега овие забелешки ќе ги ставиме и ќе разговараме во втората фаза. Значи, делот за кој говориме, бидејќи е еден закон ако претрпи 4 или 5 измени, а овој закон е таков, тој постојано ќе се хармонизира со европското законодавство, па затоа ние најверојатно ќе предложиме до 2007 година нов закон, бидејќи тешко се следат ако се прават толку измени. Во секој случај јас сум задоволен од сите дискусии, сите ќе бидат ставени и ние сме отворени за нови забелешки кои ќе ги доставите до нас, бидејќи сите овие закони брзо ќе дојдат овде во втора фаза. Сакам уште еднаш да се заблагодарам на пратениците.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам г. министре.

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок. Истовремено ги молам колегите пратеници кои се наоѓаат во близина да влезат во салата.

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за авторското право и за сродните права.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон, при што ќе ги има предвид забелешките, мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела, како и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и до Министерството за култура.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, сите 65 пратеници гласале за.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точка 31 - Предлог за донесување на закон за идентификација и регистрација на животните.**

Предлогот за донесување на законот, извештајот на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и дописот од Законодавно-правната комисија Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави заменик министерот за земјоделство, шумарсто и водостопанство Бесир Јашари.

БЕСИР ЈАШАРИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани пратеници,

Согласно на спогодбата за стабилизација и асоцијација на Република Македонија со Европската заедница и нејзините земји членки, државата има преземено обврски за усогласување на легислативата со законодавството на ЕУ.

Досега во Република Македонија не постои законска регуларива за оваа област, поточно за идентификација и регистрација на животните, со која што ќе се овозможува следбеност на храната од штала до трпеза. Имено, се работи за следбеност односно следбеност на добитокот од раѓање, движење, контрола на заразните болести, потекло на животното, потекло на месото, како и потеклото на месните односно анималниот производ, кој што ќе треба да конкурира на големиот пазар на ЕУ.

Што се однесува до финансиските потреби за спроведување на овој закон, средствата ќе се обезбедат како донација преку Европската агенција за реконструкција и тоа најголемиот дел во износ од 1.800 илјади евра, додека до државата ќе треба да учествува со средства во износ од 30 милиони денари, поточно околу 500 илјади евра од страна на Буџетот на Република Македонија.

Досегашните искуства за болестите во Европа покажаа дека постојните системи за идентификација и регистрација на животните не ги дадоа очекуваните резултати, затоа што имавме криза во Европа со лигавка и шап, која што ни е позната, како и со болеста на луди крави. Со овој закон се предвидува воведување на систем на фармските животни, почнувајќи од говедата, овците, козите, свињите, копитарите, како и по потреба на другите животни, што ќе придонесе за заштита на здравјето на животните, а со тоа и заштита на здравјето на луѓето, затоа што се работи за зеонози односно болести кои што се пренесуваат од добитокот на луѓето и затоа што во иднина ќе треба контролата на храна да има поригорозни мерки, што претставува база на овој закон.

Инаку, системот ги содржи следниве елементи. Почнувајќи од ушни маркици, понатаму документи за движење, регистри на одгледувалишта, централен регистар на одгледувалиштата, како и компјутерска база на податоци. Понатаму, може да се каже дека со националните програми за поддршка на производителите, со овој систем на идентификација и регистрација на животни и со обележувањето на животните, ќе може да се стимулира сточарството во иднина, како што тоа се работи во поразвиените земји од нас. Тоа подразбира дека ќе се има комплетна база на податоци на животните односно сточарството, движење на болестите од почеток, па до крај до кога ќе биде заклано тоа животно или до кога ќе угине.

Сосема на крај, доколку не се обезбеди воведување на соодветен систем на идентификација и регистрација на животните согласно прописите на ЕУ, ќе биде неизвесен пласманот на месото, односно производите од анимално потекло во големиот европски пазар каде што ќе треба да конкурираме во блиска иднина.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине заменик министре.

Пријавени за дискусија има повеќе, прв е господинот Петар Апостолов.

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Почитувана потпретседателке, почитувани претставници на Владата, колеги пратеници,

Законот за идентификација и регистрација на животните е еден од поважните закони во оваа област, но за жал, сегашната законска регулатива во Република Македонија за обележување и регистрација на животните или ја нема или не е доволна, бидејќи во пракса нема никакви резултати од горе наведените постапки. Во таква ситуација од една страна негативно се одразува на сточарското производство, пред се, во

размената на месо и производи од животинско потекло со други земји, а од друга страна негативно влијае на заштита на здравјето на животните, а со тоа и посредно на здравјето на луѓето и заштита на животната средина и природата.

Со воспоставување на системот за идентификација и регистрација на животните полесно ќе се справиме со евентуалната појава на заразни болести кај животните. Со имплементацијата на овој закон практично за било која храна од животинско потекло ќе знаеме точно од каде потекнува односно од кое одгледувалиште, а со тоа може да се контролира и подобрува квалитетот на храната. Сметам дека со набавената компјутерска опрема и адаптација на софтверот, колку што јас сум информиран тоа ќе се случи во септември или октомври оваа година, а обуката на кадарот исто така ќе се дооформи, за да може овој систем да функционира. Тоа значи дека постојат сите предуслови да одговориме на сите обврски што ги презедовме со Спогодбата за стабилизација и асоцијација. На терен системот треба да почне да функционира околу месеците ноември-декември, а тоа се однесува за говедата, за наредната година е предвидено тоа да се случи и за овците и за козите. За ова не постои алтернатива, мораме да го спроведеме ако не сакаме да имаме проблеми со пласманот на животните и производите од животинско потекло, пред се, мислам на јагнешкото месо. Затоа, системот мораме да го воспоставиме, во спротивно ќе бидеме излирани од сите членки на ЕУ.

Средствата за идентификација и регистрација кај говедата се ушните маркици, кои имаат ист единствен код за идентификација, со што се овозможува да се идентификува секое говедо поединечно, како и одгледувалиштата на кои било родено, како што стои во членот 6 односно точка три.

Исто така, важно е да се напомене дека и увезеното животно кое потекнува од земјата во која се применува системот за идентификација и регистрација на говеда од ЕУ ги задржува оригиналните ушни маркици. Тоа значи и визуелно можеме да разликуваме дали некое говедо е увезено или не. Во член 8 се зборува за документи за движење на говедото, каде основен документ е пасошот, при што говедото при секое движење треба да е пропратен со тој документ односно пасошот. Важно е во подзаконските акти односно прописи за говеда утврдени за овој закон, кои треба да се донесат во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на законот, да постојат такви решенија кои ќе бидат прилагодени на нашите услови и ќе бидат едноставни и практични. При продажба на говедо на сточен пазар, процедурата треба да биде максимално упростена, што тоа да не претставува товар на фармерот во смисла на сложена процедура поврзана со факторот време. Само за илустрација во претходниот систем пасошот за продажба на говедото се

издавало и во месните канцеларии, но тогаш единствена причина за издавањето на пасошот било да се знае стопанот на говедото, а со овој закон појдовната основа е сосема друга.

Средствата за воспоставување на системот за идентификација и регистрација на животните и отпочнувањето на неговата примена се обезбедувааат од Буџетот на Република Македонија и други извори. Мислам дека за тоа заменик министерот малку повеќе зборуваше, само да напоменам дека целосно ќе бидат овие средства со олеснување до 2011 година, а потоа самите одгледувачи ќе го финансираат системот. Но, сметаме дека до тогаш економската моќ на одгледувачите ќе биде на повисоко ниво.

Исто така, мислам дека минималниот број на инспекциски контроли секоја година кои треба да се спроведат со цел да се обезбеди правилно спроведување на системот за идентификација и регистрација на животните, да биде најмалку 20% од одгледувалиштата, а не како што стои 10% кои се наоѓаат на територијата на Република Македонија.

Предлогот го поткрепувам со нашиот менталитет на однесување и затоа сметам дека 20% повеќе би одговарала на она што значи однесување. Сигурно, за оваа обемна работа, овие служби треба кадровски да се доекипираат, а тоа е и предуслов овој закон навреме и правилно да се реализира.

Пратеничката група на ЛДП ќе го поддржи овој предлог за донесување на закон за регистрација и идентификација на животните, со една препорака Предлог законот да дојде што побрзо во собраниска процедура, земајќи ја предвид важноста на овој закон за сточарското производство, пред се, за извозот на сточарски производи.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има г. Борче Петковски.

БОРЧЕ ПЕТКОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, претставници на Владата, колеги пратеници,

Дозволете ми да кажам неколку збора за овој закон, кој што е битен за заштита на здравјето на животните, а преку процесот на производство на здрава храна, битен е и за заштита на здравјето на луѓето.

Како што е познато согласно спогодбата за Стабилизација и асоцијација на Република Македонија со Европската унија и нејзините земји членки државата има преземено обврска за усогласување на легислативата со законодавството на Европската унија. Предложениот закон ја зема предвид целата легислатива на ЕУ за идентификација

и регистрација на животните. Одделни прашања од оваа област се уредени со Законот за ветеринарно здравство и со законот за сточарство, но не постои основна законска рамка, која во целост ќе ја уреди оваа област. Со цел да се овозможи навремено следење на состојбите на животните преку нивна контрола и заштита од заразни болести, како и брзо и прецизно одредување на потеклото на животните, месото и производите од него, се предвидува воведување на посебен систем за идентификација и регистрација на животните. Овој закон овозможува обезбедување на подобра контрола на животните од нивното раѓање, движење, колење и угинувањето, законот овозможува поефикасно спроведување на превентивните мерки за спречување на појавата на заразни паразитарни болести, како и поефикасна борба за нивно сузбивање. Законот овозможува подобрување на контролата и на ветеринарните прегледи, па и увозот и извосот на животните. Исто така, овозможува регистрирање на животните на одгледувалишта на територијата на Република Македонија, како и обезбедување на централна база на податоци за одгледувалишта и за сите животни од видовите говеда, овци, кози, свињи и по потреба за други видови животни.

Досегашната состојба во врска со идентификацијата и регистрацијата на животните негативно се одразува на сточарското производство и обемот на размена на месо и производи од животинско потекло со други земји со тенденција и понатаму да се влошува, поради неисполнувањето на стандардите кои важат во земјите членки на Европската унија. Исто така, оваа состојба негативно влијае во спроведувањето на мерки за заштита на здравјето на животните, а со тоа и посредно на луѓето. Како што веќе напоменав идентификацијата и регистрацијата на животните е една од превентивните мерки со која се овозможува ефикасна борба за спречување на појавата на заразни и паразитарни болести кај животните, како и ефикасна борба за нивно сузбивање и искоренување.

Морам да напоменам заради појаснување дека превентивните мерки за спречување на појава на заразни и паразитарни болести кај животните предивдени се со законот за ветеринарно здравство. Врз основа на Законот за ветеринарно здравство Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство распишува тендер за спроведување на превентивните мерки за спречување на појава на заразни и паразитарни болести кај животните и склучува договори со овластените организации што ги исполнуваат потпишаните услови со Законот за ветеринарно здравство за спроведување на тие предвидени превентивни мерки.

Заради поголема ефикасност во спроведувањето на овој закон што самиот по себе претставува превентивна мерка, предлагам измени на одредени членови. Мојот предлог е членовите 21, 22, 23, 24, 25 од Глава 5 на предложениов закон да се бришат и да се додаде нов член 21 кој ќе гласи:

“Идентификацијата и регистрацијата на животните, согласно овој закон, ќе ја вршат овластени организации што претходно склучиле договор со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за спроведувањето на ветеринарни - здравствени мерки од јавен интерес, согласно членовите 82, 88, 89, 90, 91 од Законот за ветеринарно здравство, по претходно барање на одгледувачот”.

Имам уште една мала забелешка што сметам дека е повеќе од технички карактер. Во членот 8, точка 8, зборовите: “или колење на животно пред да наполни 42 дена”, овие зборови да се бришат, бидејќи со друг пропис е забрането колеење на животни под 42 денас старост.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има господинот Агим Џелили.

АГИМ ЏЕЛИЛИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги пратеници,

Спогодбата за стабилизација и асоцијација потпишана меѓу државите на Европската унија од една страна и Република Македонија од друга страна, секако како држава, штом сакаме да бидеме членови на оваа заедница, сакале или не, треба еден дел од нашето законодавство да го усогласиме со законите на оваа асоцијација, особено оние кои се од голем приоритет.

Еден од овие закони е и денешниот закон што покрива една многу значајна област, бидејќи оваа асоцијација, особено оние кои се од голем приоритет.

Еден од овие закони е и денешниот закон што покрива една многу значајна област, бидејќи Република Македонија е една аграрна држава, со квалитетни пасишта за одгледување и развој на сите видови на животни. Затоа, усогласувањето на овој закон со законите на Европската унија е еден приоритет од аспект на стратешкиот развој на Република Македонија во иднина.

Овој закон во целост го регулира идентификувањето и регистрацијата и става една контрола кај животните од моментот на раѓањето, нивнито движење,

колењето до крајот на животот, што е од интерес за ветеринарството како здравствена услуга што е обврзана да ги следи сите болести, евентуални, почнувајќи од тие баналните, па до оние со сериозен карактер и опасни за човекот, како што се инфективните болести со зоонозно потекло.

Овде, останувам со надеж дека ќе се реши уште еден проблем, како што е случајот со животни скитници, што сериозно го загрозуваат животниот амбиент во цела Република.

За да се анализираат сите овие обврски со овој закон за идентификација и регистрација на животните е предвидена и една законска рамка врз основа на која што треба сите одгледувачи на животни, но се разбира има и казни од страна на инспекторите за земјоделие, како одговорни зас функционирањето како и заживувањето на овој закон во практичниот живот. Привилегијата на овој закон е неспорна, бидејќи нуди и пласман на производите со животно потекло на пазарот на Европската унија, што е еден од нашите стремежи.

Затоа, како парламентарна група ќе гласаме за овој закон.

Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам колега.

Дали некој друг бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Ги молам колегите пратеници кои се наоѓаат во Собранието да влезат во салата.

Заклучокот е следниот:

1. Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за идентификација и регистрација на животните.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави предлог на закон, при што ќе ги има предвид мислењата, сугестиите и предлозите содржани во извештаите на работните тела, како и од расправата на седницата нањ Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достават во Владата на Република Македонија и до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Уште еднаш ги молам сите колеги и пратеници кои се наоѓаат во Собранието да влезат во салата за да можеме да гласаме.

Службите ги молам да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

(Службите го утврдуваат бројот на присутни пратеници)

Во моментов имаме 62 присутни.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Сега во салата се присутни 63 пратеници.

Ве молам да гласаме.

58 пратеници гласале од присутни 65 пратеници, сите 58 се за.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

***Минуваме на точката 32 - Предлог за донесување на закон за радиодифузна дејност.***

Предлогот за донесување на законот, мислењето на Владата, извештајот на Комисијата за транспорт, врски и екологија и Дописот на Законодавно правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор предлагачот, господинот Спиро Мавровски, повелете.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам госпоѓо потпретседателке, почитувани колеги пратеници,

ВМРО-ДПМНЕ како демократска партија која секогаш се залагала за развој на плурализмот и демократијата, а посебно за слободно и непречено делување на медиумите во Република Македонија, повторно предлагам нов предлог закон за радиодифузија, со кој искрено се надеваме дека ќе се зајакне независноста на приватните електронски медиуми, Советот за радиодифузија како регулаторно тело во оваа област, како и на јавниот радио дифузен сервис, Македонска радио телевизија и ќе каде поттик за нивен иден забрзан развој.

Со оглед на фактот дека Владата на Република Македонија со одговорот кој ни го достави за ова прашање дека Министерството за транспорт и врски е во завршна фаза подготвувањето на закон за радиодифузна дејност во соработка со Центарот за медиуми при Пактот за стабилност, кое што објаснување од Владата на Република Македонија го пишуваме веќе 20 месеци, не е во состојба да понуди свој текст на законот за радиодифузија, ВМРО-ДПМНЕ како сериозна и

конструктивна опозиција, се реши на овој чекор. При изработката на оваа втора верзија на Предлог законот за радиодифузија, извршивме консултации со сите засегнати страни од овој закон и тоа со асоцијацијата на приватните електронски медиуми на Република Македонија, Советот за радиодифузија, Македонска радио телевизија и Здружението на јавните локални радио станици. Најголемиот дел од добиените предлози од нивна страна се вградени во Предлог законот за радиодифузија што го изработи ВМРО-ДПМНЕ. Комплетно целиот закон беше доставен на јавна расправа. Заради усогласување на Законот за Република Македонија со законодавствата на Европската унија во областа на радиодифузијата, како и обврските што ги има Република Македонија согласно потпишанат Спогодба за стабилизација и асоцијација со Европската унија, како и заради зајакнување на независноста на приватните електронски медиуми на Советот за радиодифузија како регулаторно тело во оваа област и на јавниот радиодифузен сервис Македонска радио телевизија, а поради се помалата наплата на радиодифузната такса која во претходната година изнесуваше помалку од 40%, предлагаме донесување на нов закон за радиодифузна дејност.

Со донесувањето на Законот за радиодифузната дејност, објавен во “Службен весник” број 20/97 од 30 април 1997 година, беа уредени начинот и правилата за функционирање на радиодифузниот сектор во Република Македонија. Во текот на изминатите седум години од примената на овој закон за радиодифузија, се воочија појави на извесни недоследности, непримената од одредбите на законот. Покрај ова, постои голем простор за злоупотреби и директно политичко влијание во сферата на радиодифузија. Постојните решенија од Законот за радиодифузна дејност во практиката се покажаа како општи, неодредени и неефикасни. Компаративните анализи, како и седумгодишната примена на овој закон во Република Македонија покажуваат дека овој закон не обезбедува независност на Советот за радиодифузија, како регулаторно тело во оваа област и независност на јавниот радиодифузен сервис Македонска радио телевизија. Истовремено, начинот на финансирање на радиодифузниот сектор во Република Македонија иако е навидум прецизно регулиран, е подложен на злоупотреби и појави на корупција. Исто така, досегашното ниско ниво на наплата на радиодифузната такса, не може да се обезбеди независност на јавниот сервис Македонска радио телевизија и Советот за радиодифузија како регулаторно тело.

Истовремено, со примената на овој закон трпат и приватните електронски медиуми, заради недоследности, недоречености и контрадикторност на

овој закон со Законот за телекомуникации. Постојниот закон не нуди решенија за проблемите во делот на функционирањето на јавните локални радио дифузери, кои се соочуваат со потполно згаснување. Уште една причина зошто ја гледаме потребата од донесување на овој закон е тоа што Република Македонија ја ратификуваше Европската конвенција за прекугранична телевизија, која вклучува најголем број од европските стандарди на полето на радиодифузијата. Законот чие донесување се предлага се заснова врз следните начела: слобода на јавното изразување на мислата, слобода на говорот, јавниот настап и јавното информирање, слободен пристап кон информациите, слободата и примање и пренесување на информации, правото на одговор и правото на исправка преку радиодифузна станица, како и заштита на изворот на информации, почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право, начинот на финансирање на радиодифузниот сектор во Република Македонија. Основни глави на овој предлог закон за радиодифузна дејност кој се состои од 163 члена се општите одредби, радиодифузни организации, објаснување за истите, Совет за радиодифузија, мерки за спречување на медиумска концентрација, дозвола за емитување и дистрибуција на програма, програмски стандарди, рекламирање, спонзорство, додатна продажба, дистрибуција на радио и ТВ програми преку кабелска мрежа, јавен радиодифузен сервис Македонска радио телевизија, право на одговор и исправка, пристап и заштита на информациите, надзор на спроведување на законот, казнени одредби, преодни и завршни одредби. Зајакнувањето на независноста и намалувањето на влијанието на политиката, Владата врз Советот за радиодифузија, како регулаторно тело е една од основните придобивки од новиот закон за радиодифузија. Другите се: давањето и одземањето на дозволите на трговските радио дифузни друштва ќе го врши советот со што се избегнува политичкото влијание на Владата, формирање на фондот за поддршка на медиумите, со кој ќе се избегнат досегашните неправилности при распределбата на средствата за проектите од јавен интерес, како и разните политички влијание при нивната распределба.

Четврто, зајакнување на независноста на Македонска радио телевизија.

Петто, намалување на концесијата за околу 25%.

Шесто, воведување на комбиниран модел на финансирање на радиодифузниот сектор, широко применет во Европската унија. Тоа би значело намалување на радиодифузната такса за 50%, дополнителните средства неопходни за финансирањето на радиодифузниот сектор би се обезбедиле од Буџетот на Република Македонија. Тоа не би претставувало дополнително оптоварување на

Буџетот бидејќи постојат внатрешни резерви од кои би можеле да се обезбедат и потребните средства.

ВМРО-ДПМНЕ се реши на ваков предлог, бидејќи станува се поочигледно дека Владата не е во состојба да изврши наплата на радиодифузната такса и според последните наши сознанија наплатата е под 40%, што значи на само еден многу мал на семејства во Република Македонија паѓа целиот товар. И наместо да понуди разумно решение за овој проблем, сите сме сведоци на неуставни измени од Законот за радиодифузија што ги изгласа Парламентот пред неколку месеци, со што директно се удира по џебот на граѓаните.

Седум - социјалните случаи се ослободуваат од обврската за плаќање на радиодифузна такса. Се решава проблемот на трговските радио друштва кои работат по принципот на тајм ширинг, прецизно дефинирање на надоместоците што ги плаќаат трговските радио друштва, т.е. прецизно дефинирање на надоместокот за радио фреквенции, како дел од надоместокот за лиценца. Решавање на статусот на јавните локални радио станици со трансформација и приватизација или преземање на основачките права од страна на единиците на локалната самоуправа.

Новини за овој закон се следните: воведување на радио и телевизии на регионално ниво. Под регионално ниво се подразбира некаде 150 до 300 илјади жители кои ќе можат да ги следат овие програми. Класификација на трговските радио друштва по формат и содржина. Значи, една поделба класична на спортски, музички, образовни, културни, забавни, непрофитни или телешопинг. Строго дефинирање на односите меѓу трговските радио дифузни друштва и кабелските дистрибутери. Значи, кабелските дистрибутери преку договор со овие друштва би имале договори за емитување од јавниот сервис и она што значи локални радио и телевизиски станици. Кабелските дистрибутери конечно се решаваат со тоа што добиваат дозвола без право на сопствена програма и рекламен простор и со договор помеѓу кабелските дистрибутери и гледачот. Воведување на конкуренција кај кабелските дистрибутери, бидејќи на едно подрачје ќе можат да оперираат повеќе кабелски дистрибутери. Зајакнување на независноста на Советот за радиодифузија, со тоа што во основа советот е составен од 9 членови, мандатот трае 5 години без право на реизбор, членовите ги избира Собранието на Република Македонија со две третини мнозинство гласови, врз предлог на надлежната собраниска комисија. Предлагачи се: надлежната собраниска комисија, двајца, по еден од позиција и опозиција, претседателот на Република Македонија со двајца членови, МАНУ еден, универзитетите во Република Македонија двајца, мнозинските

асоцијации на приватните електронски медиуми двајца. Членовите би биле експерти и правична застапеност на припадниците на заедниците. Извештај за јавноста советот би носел на секои три месеци, а пред Собранието на Република Македонија еднаш годишно.

Формирање на фонд за поддршка на медиумите, со цел да се избегнат досегашните неправилности при поделбата на средствата на проектите од јавен интерес. Предлагачи на овој фонд кој е составен од 9 члена чиј мандат ќе трае три години се мнозинската асоцијација на приватните електронски медиуми со двајца, надлежната собраниска комисија двајца еден од позиција и еден од опозиција, Министерството за финансии еден, за култура еден, Советот за радиодифузија, кабелските дистрибутери и Кинотека на Република Македонија.

Давањето и одземањето дозвола на трговските радио друштва ќе ја врши Советот по строго определена процедура, со што ќе се избегне влијанието на Владата на Република Македонија. Намалување на надоместокот за дозвола по старо концесија, за околу 25%, распределбата на средствата од дозволите ќе се распределуваат според следниот сооднос: Управа за телекомуникации 30%, Совет за радиодифузија 30% и Фондот за поддршка на медиуми 40%. Концептот на реклами на Македонска телевизија се намалува од 7% на 4% и Македонска радио телевизија нема да може да рекламира помеѓу 17,оо и 22,оо часот, а Македонското радио помеѓу 07,оо и 17,оо часот.

Македонската радиотелевизија нема право на телеШопинг и нема право на платен политички маркетинг, Што не значи дека има право на бесплатно работење.

Организационата поставеност на МРТВ е таква што Управниот одбор има 9 члена кои ги избира Собранието со двотретинско мнозинство, надзорниот одбор има 8 члена кои исто така ги избира Собранието, 4 од владеачката коалиција и 4 од опозицијата. Генералниот директор на МРТВ, како и неговиот заменик ги избира Управниот одбор на предлог на надзорниот одбор, по претходно спроведениот јавен конкурс.

Предлогот за финансирање беше изведен врз основа на комбиниран модел и тоа од Буџетот на Република Македонија. За финансирање на радиодифузниот сектор се обезбедуваат средства во висина од 9 милиони евра годишно. Радиодифузната претплата се плаќа секој месец во висина од 1% од просечната нето месечна плата исплатена во Република Македонија за претходните 3 месеци. Корисник на електрична енергија кој не поседува радио и ТВ приемник, не подлежи

на обврската за плаќање на радиодифузна такса. Исто така и корисниците на социјална помош се ослободени од плаќање на радиодифузната такса.

Вкупните средства се распоредуваат врз основа на следните пропорции и намени: 67% за МРТВ, за финансирање на основната дејност, 5% за унапредување и развој на техничката база на МРТВ, 15% за МРТВ, за финансирање на основната дејност и развој, 5% за финансирање на основната дејност на јавните локални радиодифузни организации, 3% за Советот за радиодифузија и 5% за фондот за развој на медиумите.

Искрено, надевајќи се дека сите страни засегнати од донесувањето на овој закон ќе бидат задоволни. Сакаме да истакнеме дека нема добар закон доколку не постои желба за неговот доследно имплементирање.

Посебно сакаме да нагласиме дека ја поддржуваме заложбата на асоцијацијата на приватните електронски медиуми на Македонија за средување на хаосот кој владее во радиодифузниот сектор, заради инсистирањето на преку 70 нелегални радио и ТВ станици, а поради што најдиректно се засегнати лекалните дифузери кои и покрај тешката економска состојба во државата, редовно си ги подмируваат своите обврски кон неа. Наспроти тоа нелегалните емитувачи им одземаат еден добар дел од рекламниот колач.

Ние како партија навистина непријатно сме изненадени од индолентниот однос на Владата кон овој сериозен проблем.

Со измените на Законот за телекомуникации што Владата го пушти во парламентарна процедура како и немањето желба и незнаење за изработка на нов закон за телекомуникации, очигледно е дека Владата не сака сериозно да го регулира радиодифузниот сектор и сака и понатаму да го задржи своето директно влијание врз медиумите. Сето тоа сериозно ги нарушува демократските процеси во Македонија. Хаосот во радиодифузијата не се решава со доделување на нови концеции, туку со дефинирање на строги правила на игра.

На крајот би сакале да ја нотираме забелешката дека секоја држава која сака да го задржи предзнакот демократска, води особена грижа за овозможување на оптимални услови за функционирање на радиодифузниот сектор, како еден од основните столбови на демократијата. Поради сето тоа сметаме дека е неопходно донесувањето на нов закон за радиодифузна дејност со кој ќе се изврши посоодветно регулирање на радиодифузниот сектор во Република Македонија. Со надеж дека господата пратеници го прочитале овој закон, дека учествуваа во таа јавна расправа која се случуваше минатите 4 до 5 месеци, мислам дека ќе најдеме

сила и храброст да го изгласаме овој закон кој ќе донесе доста новини и подобрување во секторот на радиодифузната област.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Збор има госпоѓа Цветле Јаневска.

ЦВЕТЛЕ ЈАНЕВСКА:

Почитувана госпоѓо потпретседател, колеги пратеници,

На дневен ред имаме еден закон за радиодифузна дејност изготвен од група пратеници кој претставува уште еден обид, покрај другите досега, за измена и дополнување на постојната регулатива на поинаков начин да се регулира,уште еднаш оваа значајна и комплексна материја во областа на радиодифузијата.

Треба да се респектираат причините и целите заради кој се предлага овој закон. Тоа пред се се усогласувањето на денешната домашна радиодифузна регулатива со европското законодавство во оваа област, да се намали просторот за дејствување и злоупотреба и директни поличички влијанија во сферата на радиодифузијата. Оттука најголем дел од одредбите на предложениот текст се во тенденција на хармонизација на домашната легислатива со европската.

Предложени се и одредени решенија за прашањата кои во досегашните јавни расправи, по повод донесување на нов закон за радиодифузна дејност останаа отворени, како фонд за развој на медиуми, статусот на постојните јавни радиодифузни претпријатија, начинот на функционирањето на непрофитните радиодифузни установи и друго. Но, се чини дека основната квалификација на постојниот закон за радиодифузија, од конфузност, воопштеност и неодреденост и неефикасност и со овој предлог на закон не се успеало да се избегне.

Тргнувајќи од досегашното искуство во примената на постојниот закон за радиодифузна дејност, сметам дека овој понуден текст во целина има сериозни демократски недостатоци и во целост не е хармонизиран со европските стандарди, но и пред се со Уставот на Република Македонија. Во правец на оваа оценка ќе направам накусо анализа и коментар на поедините членови и тоа пред се од аспект на нивната прецизност и еднозначност и од степенот на нивната усогласеност со Уставот на Република Македонија и со европското законодавство.

Најнапред, поделбата на поглавјата во текстот не соодветно е направена во смисла што неконзистентно ги сместува и срочува прашањата што ги регулираат истите.

Во поглавјето на општите одредби, во делот на дефинициите за одредени термини што се употребени во законскиот текст, неопходно е да се направи усогласување со Конвенцијата за прекугранична телевизија и со директивата телевизија без граници. Така треба да се внесат термините радиодифузер наместо радиодифузни организации, емитување и реемитување и програмски сервис.

Членот 11 кој се однесува на јурисдикција на Република Македонија треба да се преработи за да се усогласи со Конвенцијата и директивата.

Членот 12, во преодните субјекти што може да вршат радиодифузна дејност кај јавните претпријатија, треба да се додаде придавката - радиодифузни, за да се истакне спецификата на јавните радиодифузни претпријатија, за разлика од другите јавни претпријатија.

Членот 13 за да биде во согласност со Законот за јавни претпријатија мора да се додаде - се основа со закон радиодифузно претпријатие на територијата на Република Македонија. Тоа, бидејќи МРТВ веќе е основана со посебен закон кој воедно е и основен акт на јавниот радиодифузен сервис и предложениот закон требало само да го регистрира и да го признае. Сосема друго е пак прашањето како ќе се регулира работата на радиодифузниот сервис, дали со предлогот на овој закон или пак со некоја друга можност за регулирање.

Членот 14. Пред се неприфатливо е непрофитните радиоустанови да се основаат според законот за граѓански здруженија и фондации, универзитети на Република Македонија и студентски организации. Треба да се востанови терминот непрофитна радиодифузна установа како еден правен субјект, еден од радиодифузните субјекти кои би се основале согласно Законот за радиодифузна дејност, а по добивање дозвола за работа согласно одредбите од истиот закон.

Исто така обидот за наметнување квоти во овој член на говорниот и музичкиот дел на програмата на непрофитните радија не само шќто претставува директно мешање во самостојноста и кршење на самостојноста на уредувачката политика, туку уште повеќе носи опасност од ограничувањето на понудата на квалитетни и неконвенцијални музички содржини. Тоа се коси и со целта што сака да се постигне со отворањето на вакви непрофитни радија, покрај другото да се задоволи и публиката која има и поинаков вид на медимска културна потреба.

Членот 20 кој се однесува на составот и именувањето на Советот за радиодифузија како независно регулаторно тело кое врши јавни овластувања во радиодифузната дејност, предлага членовите на Советот да ги избира Собранието со двотретинско мнозинство на предлог на надлежната собраниска комисија, а кој

предлог претходно е утврден врз основа на листа предложени кандидати од овластени предлагачи.

Иако со воведувањето на концептот на овластени предлагачи се подобрува транспарентноста и независноста во изборот, сепак овој начин може многу да ја усложни постапката и да се доведе до блокирање на неговиот избор. Исто така, овој член е во спротивност со препораката на Советот на Европа, за самостојноста на регулаторните тела, која им препорачува на земјите членки на Советот на Европа, институционално да ја обезбеди независноста и самостојноста на регулаторното тело, со воспоствување на неколку принципи. Едниот од нив е гаранција на мандатот на советиниците во Советот за радиодифузија и како пракса воведување на скалест мандат кој се разликува од изборните циклуси.

Постојното решение на законот во таа смисла е поблизок до овој стандард што се предлага со денешинот закон.

Членот 21 што се однесува на овластените предлагачи кои предлагаат членови на Советот за радиодифузија, листата која се доставува до Собранието на Република Македонија, во делот кој се однесува на универзитетите, треба да се дополни уште со Универзитетот во Тетово, негов претставник, како трет државен универзитет.

Овластениот предлагач од последната алинеја на член 21, има класичен конфликт на интереси. Не може асоцијацијата на приватни електронски медиуми да биде привилегија, предлагач во однос на другите заинтересирани страни на радиодифузијата и тоа да партиципира со двајца претставници. Каде ви е тогаш МРТВ, медиумите кои не се членови на оваа асоцијација, а сепак имаат и те како големо влијание врз целокупната медиумска активност, амбиент, рекламните агенции, независните продуценти, кабелските телевизии.

Крајно недопусливо е исто така регулираниот да си го бира регулаторот. Се плашам дека со тоа би се направила двојна штета, затоа што вакво решение во законот имплицира и недоверба на самиот законодавец во институциите што тој ги креира.

Во текстот на член 28 се предлага Советот да се финансира од средства на Буџетот на Република Македонија и од надоместоците од издадените дозволи за работа.Со тоа неможе да се обезбеди гаранција за независност затоа што средствата за работа ги администрира извршната власт. Независноста во работењето пред се значи независност во финансирањето. Тоа не е ни на линија со

препораката за независност на регулаторните тела од областа на радиодифуцијата, точка 3 финансиска независност.

Во поглавјето пак за надлежности на Советот за радиодифузија во членот 33 започнато е да се набројуваат надлежностите и завршено е само со две групи надлежности а потоа е поминато на поглавјето на спречување на медиумска концентрација и после членот 35 точка 6 пак се продолжува со набројување на надлежностите а веднаш потоа се продолжува со точка 7 од членот 34. Тоа, ќе се согласите е несистематично во текстот, внесува конфузност и непрецисност.

Членот 42 и 46 се повторуваат и во својот текст и во своите ставови.

Членот 54 став 1 вели - учесниците на конкурсот кои не се задоволни од одлуката за давање дозвола за вршење на радио и ТВ дејност имаат право на приговор до Советот за радиодифузија, а веднаш потоа во ставот 2 се вели - приговорот се поднесува до надлежната собраниска комисија.

Членот 59, 61, 62 и 63 и членот 138 сакам да ги прокоментирам.

Иако европските норми не се во спротивност со формирање фондови за поттикнување на одредени интереси на државата во сферата на радиодифузијата, треба да се има предвид дека обврската врз јавниот сервис со квотите на конвенцијата за прекугранична телевизија да одделува средства за купување на домашна програма произведена од домашни независни продуценти, мора да стане дел од нашата регулатива, заради меѓународните обврски.

Воспоставувањето на фонд кој дел од средствата ги црпи од радиодифузната такса, ги доведува граѓаните двапати да плаќаат за една иста работа, еднаш преку делот кој оди во МРТВ и еднаш во делот кој директно се издвојува во фондот.

Понатаму Фондот мора да има јасна цел и да задоволува реална потреба на македонското општество. Таа потреба не е добро артикулирана во Предлогот на законот и се поставува прашање што и на каков начин се поддржува и со какви контролни механизми. Притоа, сериозно треба да се размисли на каков начин државата ќе интервенира на медиумскиот пазар и во кои сегменти. Ако се тоа се земе предвид, тогаш прифатливо се формирањето на фондот, но предложените решенија остануваат недоречени.

Членот 70 регулира должности на радиодифузните организации да објавуваат соопштенија на надлежни државни органи кога постои опасност по животот и здравјето на граѓаните, безбедносна на земјата и јавниот ред и мир. Вакви членови се провлекуваат и низ целокупното медиумско законодавство во Република Македонија. Впрочем такво решение понуди и претходната влада во Законот за

јавно информирање, што потоа заради огромни критики од целокупната домашна и странска јавност го повлече од парламентарна процедура, во 2000 година и остана запаметен како крајно рестриктивен закон.

Член 73 став 4 вели дека трговските радиодифузни друштва кои емитуваат радио програма се должни 10% од музичкиот дел на програмата да отстапат на македонските изведувачи. Оваа квота претставува мешање во уредувачката политика, во спротивно е и со член 10 од Европската конвенција за човекови права.

Член 77 вели радиодифузните организации не можат да се поврзат во единствен систем за емитување на заеднички програми надвор од подрачјето за кое имаат дозвола. Оваа забрана за умрежување е ригидна и овозможува природен раст на локалните станици, а потребно е лимитирање, а не забрана на умрежувањето.

Членот 91 го третира рекламирањето на јавниот радиодифузен сервис на МРТ, ограничувајќи ги квотите во времето и во терминот. Мислам дека рекламирањето на јавниот радиодифузен сервис е во функција на одржување на неговата финансиска самостојност, а со тоа и на неговата институционална самостојност.

Како битен дел од неговата институционалност и самостојност на овој радиодифузен сервис е можноста да се изнајдат нови извори на приходи.

Препораката 96/10 на Советот на Европа експлицитно го наведува рекламирањето под одредени ограничувања како легитимен извор на приход на јавните радиодифузни сервиси.

Член 120 - изборот на Управен одбор на МРТВ од страна на Собранието без воспоставување систем кој ја гарантира автономијата на независноста на кандидатите во суштина претставува политички избор и со тоа се урива самостојноста на јавниот радиодифузен сервис.

Оваа одлука е во директна спротивставеност со препораката број 96/10.

Членовите 129, 133, 136 спроведуваат силна политичка контрола врз работата на јавниот сервис. Наместо артиклулирање на општествениот интерес на програмите на МРТВ ќе наметнат интерес од политичките партии независно дали се од позицијата или опозицијата.

Суштина на ова е ставање на МРТВ во функција на политиката и е директно во спротивност со препораката број 96/10 од Советот на Европа.

Членот 138 вели: од Буџетот на Република Македонија за финансирање на радиодифузниот сектор во Република Македонија се обезбедуваат средства во

висина од 9 милиони евра годишно. Потребно е да се разгледаат сите импликации од буџетското финансирање за олку голем обем како што е предложено.

Можноста што извршната власт ја има преку администрирањето на буџетот и дава сериозен инструмент за хидраулички деспотизам врз МРТВ. Ризикот од загрозување на уредувачката самостојност е преголем со ваквото решение.

Членот 139 вели: средствата кои нема да ги наплати АД Електростопанство на Македонија, Министерството за финансии е должно да ги надомести овие средства до крајот на 31 јануари за претходната година и да ги распореди во целост и да ги префрли на корисниците, согласно утврдените пропорции во членот 138.

Овој член 139 е противуставен. Ги става граѓаните во нерамноправна положба. Оние што платиле платиле, а оние што не платиле државата ќе го плати од Буџетот. Значи, ВРМО-ДПМНЕ со предлогот на овој закон и овој член предлага да ги казниме оние кои си ги исполнуваат обврските, а да ги наградиме оние што ги избегнуваат. Не само што е противуставно, туку може да го подрие целиот систем за наплата на радиодифузната такса.

Наместо вакво решение, потребно е изнаоѓање казнени мерки за должниците на радиодифузната такса.

На крај на заклучам, законскиот текст што е пред нас нуди и добри решенија во одредени делови и тие треба да бидат земени во предвид како сериозен придонес кон јавната расправа за новото радиодифузно законодавство во Република Македонија.

Сепак, да ја повторам констатацијата од почетокот на моето излагање, како целокупен текст овој предлог закон има сериозни недостатоци и не е во целост хармонизиран со Европските стандарди, но и со Уставот на Република Македонија.

Затоа, пратеничката група на СДСМ нема да го поддржи и нема да гласа за овој предлог закон.

Исто така, сакам да упатам порака и до Владата на Република Македонија да го динамизира процесот на изготвување на веќе одамна најавениот закон за Радио-дифузија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика е пријавен г-динот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Еве една благодарност за толку исцрпната дискусија на мојата ценета колешка.

Мислам дека овој закон беше даден во јавните средства за инфомирање пред пет месеци. Во тој период Комисијата на ВМРО-ДПМНЕ имаше средби со сите заинтересирани страни, пратениците го имаат како Предлог-закон за радиодифузија. Во првиот дел од забелешките мислам дека колешката сите забелешки, доколку ги поставеше како дел од амандмански предлози, дека ќе беа прифатени, затоа што не се работи за нешто што додира во Законот, едноставно дали се основа со закон, дали е радиодифузна организација или некои ситни забелешки кои сигурно како предлагачи ќе ги прифатевме.

Дека сегашниот закон во што сака некој да не убеди и ова што ние го предлагаме прави овој закон што го предлагаме е помалку независен од постојниот апсолутно не држи затоа што интенција на предлагачот е токму независноста на овие радио медиуми и радиодифузни организации. Како можете да ме убедите дека сега е независно и самостојно, дали се работи за совет или за било што кога сите членови на тие совети ги дефинира и определува Владата на Република Македонија, влучувајќи ја и МРТВ каде генералнот директор во основа е политичка личност. Ако сакате да ми кажете дека генералниот директор се избира на некој конкурс во кој учествуваат стручни луѓе од државата, апсолутно не е така. Знаеме како се бира директор и затоа немојте да дојдеме во ситуација да кажеме дека овој закон сега што се предлага е поригиден од постоечкиот. Значи, повеќе има интервенција на политиката. Не. Се бара начин како тој јавен радиодифузен сервис едноставно да биде сервис на граѓаните, а не злоупотребен сервис. Во случајот тоа го знаеме, забелешката за Универзитетот во Тетово затоа најавив дали тоа ќе бидат двајца или тројца прашање е колку тие луѓе ќе бидат во Советот, тоа апсолутно можеме да разговараме.

Она што кажувате за проблеми со мнозинскаста асоцијација, ако од 9 членови во Советот двајца од нив се луѓе кои ја претставуваат струката, луѓе кои можат да помогнат во тој совет, апсолутно не гледам дека тие двајца се тие што можат да одлучат во одредена ситуација доколку се ова другото што кажавме се заснива на стручност, пред се професионалност во работењето.

Многу се задржавте на членовите каде се зборува за буџет. . .

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колега Мавровски се извинувам трите минути изминаа.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас како предлагач и како дискусија. Премногу беа забелешките за да ги оставиме така.

Значи, во многу ситуации се спомна буџетот, надоместокот на дозволите дека граѓаните со ова ќе ги доведеме во ситуација двапати да плаќаат. Сега би ве прашал во која ситуација се моментално граѓаните? Наплатата на МРТВ во моментот е 40% значи, ни половина од граѓаните на Република Македонија во моментот ја плаќаат целата наплата. Што со другите? Кои се механизмите и дали се најдени средства сите начини тие средства да се наплатат. Кажувате дека е крајно рестриктивно објавувњето на средствата и дека со тоа ќе стигнеме во една многу недемократска ситуација. Но, многу скоро за некој ден ќе разгледуваме тука закон што незнам дали го има некаде на друго место, порестриктивен не може да биде, но вие ќе го поддржите.

Со 10% македонска музика ќе дојдеме да говориме и во областа на културата и во областа на целокупното живеење во Република Македонија дека доаѓаме во ситуација приватните медиуми во оваа ситуација се чудиме какво е тоа нивно влијание. Освен српска музика, бугарска музика, грчка музика, македонска музика многу ретко ќе можете да слушнете од приватните медиуми. Дали тие 10% можеби треба да најдеме начин не што велите да се мешаме во уредувачката политика и кој во основа и за кој постојат тие радио дифузери. Ако секој може да емитува што сака во оваа држава, тогаш очекувајте во скоро време секој да пријави радио и својата пропаганда, своето политичко видување  ќе ги пласира на програмата, апсолутно независно

Рековте во однос на реформирањето. Од една страна кажуваме дека МРТВ треба да биде финансиски самостојна, а од друга страна донесуваме одлука огромни средства парламентот од Буџетот на Република Македонија да се одделат за МРТВ. Ако е така дајте да дефинираме, тогаш и МРТВ како сите останати дифузери што имаат добиено национални концесии нека биде конкурентна и нека живее. Но, таквата ситуација, видовте минатиот пат дека беше анблок одбиена и повторно се бараат средства МРТВ да ги добие директно од Буџетот на Република Македонија, да ги испособи своите технички средства и да продолжи со работа. Мислам дека поголем дел од Вас ќе се согласи со тоа. Ако истото се случува и во системот на рекламирање, што гледаме дека станува нелојално, тогаш ќе дојдеме во многу тешка ситуација во однос на оние кои ги плаќаат државните давачки.

Затоа мислам, ако беше целта на ценетата колешка да помогне во разрешувањето на овие проблеми,очкував дека барем на току забелешки ќе има

неколку амандмани и оставаме простор повторно да се разговара и да се најде решение. Вашите последни зборови се зборовите на Владата кои ги кажав од говорот на Бранко Црвенковски на 2.03.2004 година, истиот ваков одговор го имавме и во октомври 2003 година, и во ноември 2002 година, значи, некако многу тешко се работи тој закон за радиодифузна дејнсот кој се работи во соработка со Центарот за медиуми при Пактот за стабилност. Во основа го работи центарот за медиуми при Пактот за стабилност, значи една невладина организација која е задолжена да сработи еден проект кој Владата ќе ни го понуди на усвојување. Вие, незнам колкав е вашиот увид во сето тоа, што го работи Пактот за стабилност, но кога тој закон ќе дојде тука ќе видиме кои се понудените решенија. Вие ова го имате, беше на јавна расправа повеќе од 5 месеци со сите заинтересирани страни е разговарано, очекував поголема соработка, благодарам за сите забелешки, но, во основа јасно е што е интенцијата, сепак би се заблагодарувам барем што го прочитавте законот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика од г-ѓа Цветле Јаневска на дискусијата на г-динот Спиро Мавровски.

ЦВЕТЛЕ ЈАНЕВСКА:

Можам да констатирам дека со колегата Спиро Мавровски се согласуваме во едно дека постојната регулатива навистина треба да претрпи измени и овој негов обид е за поздравување. Меѓутоа, неговиот предлог јас да интервенирам со амандмански забелешки на волку многу забелешки навистина не нуди едноконцептуално и прецизно решение.

Амандмани се доставуваат за мали забелешки, вака понуден текст навистина е многу конфузен при читањето и мислам дека не нуди еднозначнарегулатива за да ја регулира вака сложената и комплексна материја.

Се надевам дека тој закон во соработка со Пактот за стабилност ќе има поголеми хармонизирачки димензии и на поинаков и поквалитетен начин ќе ја ргулира оваа материја.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете г-дине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Заедно со г-ѓате пратеник сме во иста комисија, бевме сведоци кога 6 часа разговараа стручни луѓе кои не кажаа апсолутно ништо позитивно за одредени закони. Тие закони поминаа тука на парламентарна седница и сигурно дека г-ѓата ги гласаше.

Јас мислам ако се сака за се може да се најде решение ако имаме добра намер. Значи, шест часа разговарамве на таа комисија каде имаше повеќе од 20 стручни лица, ни еден не искажа апсолутно позитивно влијание, тоа помина на Парламентот со надеж дека ќе биде доработено. Истата ситуација е и сега, но еве уште еднаш ќе се заблагодарам. Нема проблем.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Притоа ги молам, колегите пратеници да влезат во салата.

1. Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување закон за радиодифузна дејност. 2. Предлагачите на Законот пратениците: Коце Трајановски, Љупчо Балковски, Спиро Мавровски, Слободан Чашуле и Ѓорѓи Трендафилов, ќе изготват и на Собранието ќе му достават предлог на закон при што ќе ги имаат предвид забелешките, мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела, како и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до предлагачите на Законот, пратениците: Коце Трајановски, Љупчо Балковски, Спиро Мавровски, Слободан Чашуле и Ѓорѓи Трендафилов.

Пред да го ставам предложениот заклучок на гласање, ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата и уште еднаш ги повикувам пратениците во Собранието да влезат во Собраниската сала за да можеме да гласаме.

(Службите ги пребројуваат пратениците, но нема доволен број) Ги молам колегите пратеници кои се наоѓаат во Собранието да влезат во салата за да можеме да гласаме. Имаме 61 пратеник во салата и можеме да преминеме на гласање. Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме. Гласале 56 пратеници, од присутни 62, за гласале 6, воздржани 3, и против 47 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои предложениот заклучок.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Преминуваме на 33-та точка :

**Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за парничната постапка**

Предлогот за донесување на законот, дописите на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците и ЗПК , како и мислењето на Владата, ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-ѓа Ангелка Пеева-Лауренчиќ.

АНГЕЛКА ПЕЕВА-ЛАУРЕНЧИЌ:

Почитувани колеги пратеници,

Пред вас се наоѓа предложениот закон за дополнување на Законот за парнична постапка, предложен од пратеничката група на ЛДП, која врз основа на барањата на граѓаните и врз основа на сондажите на јавното мислење за бавноста и нефункционалноста во функционирањето на судскиот систем, што најчесто во последно време се сведува на судиите како поединци, тргна во еден нов правец, во еден друг правец и тоа во интервенција на законските текстови кои се основа за водење на истите постапки, кои во голема мера може да го ублажат, односно во некои случаи да го елиминираат чувството на неефикасност на судскиот систем, и тоа особено во делот на неефикасната судска достава и одбегнувањето на прием на писмената или доставниците од страна на судот до странките во спорот.

Од тие причини, пратеничката група на ЛДП го достави Предлог законот на разгледување пред ова Собрание, но во исто време доби уверување од страна на Владата на Република Македонија дека овој комплексен систем во целина ќе биде разработен и ќе биде предложен нов концепт за поефикасно и поефективно работење на судскиот систем.

Од тие причини, пратеничката група на ЛДП како предлагач на овој закон истиот го повлекува.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Преминуваме на 34-та точка :

**Предлог за донесување на закон за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари**

Предлогот за донесување на закон, мислењето на Владата, Извештајот на Комисијата за образование и спорт, како и дописот на ЗПК ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-дин Иван Анастасовски како предлагач.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Почитувана г-ѓо потпретседател, почитувани колеги,

Законот што е пред вас денес на дневен ред во Собраниска процедура е влезен во јануари оваа година, така што сега имаме прилика да поразговараме за овој законски проект.

Најнапред ќе кажам дека заедно со предлагачите се договоривме овој закон да оди во две фази, за да оставиме временски период стручната, научната и спортската јавност во Република Македонија да имаат простор во тој временски период квалитативно да влијаат врз подобрувањето на текстот на овој закон.

Точките од дневниот ред што ги разгледувавме вчера и денес во поголем дел беа од областа на културата, па еве по тие закони дојде и овој закон кој е од областа на спортот и тоа е во групата на закони што се предлагаат од група пратеници. Претходните два закони и наредните четири закони што се на дневен ред се предложени од група пратеници.

Владата на Република Македонија во мислењето што го добивме дава виза и позитивно се изјаснува во однос на овој закон. Притоа укажува да продолжиме со конечна реализација на овој законски проект.

Предлагачи на овој закон се 9 пратеници, а радува фактот што дополнително се приклучија уште три пратеници во однос на овој законски проект.

Многубројните инциденти што се случија на спортските терени во Република Македонија, а посебно на меѓународните натпревари, ја наметнаа потребата од регулирање на прашањето на насилното и недостојно однесување на спортските натпревари со посебен закон. Со предложениот закон за спречување на насилството и недостојното однесување на спортски натпревари ќе се осигура безбедноста на гледачите, натпреварувачите и другите учесници во спортските натпревари и воедно ќе се обезбеди правна основа за функционирање на насилното и недостојното однесување пред, за време и по одржување на спортските натпревари. Исто така, ќе се обезбеди заштита на граѓаните кои се однесуваат пристојно, како и заштита на другите граѓани и субјекти и нивниот имот. На овој начин ќе се привлечат граѓаните

помасовно да присуствуваат на спортските натпревари , а особено младата популација, со што би се подигнала и спортската култура и воедно ќе се поттикнат младите да водат што поквалитетен спорт со рекреативен живот.

Почитувани, за заживување на демократските процеси, посебно промените што настанаа во делот на општествените и економските текови, на површина исфрлија повеќе проблеми во спортот кои се манифестираат со меѓуклупска нетрпеливост и други антагонизми кои кулминираат во безредија на одреден број спортски натпревари и пошироко, кои од своја страна бараат пред се стручен и научен пристап за нивно решавање.

Поучени од искуството од Европа, па и светот, каде што спортот има силно влијание на општите текови во државата, а со својата агресивност и неконтролираност можат да нанесат многу зла , потребно е и во нашата држава на ваквите негативни појави да се пријде со сета сериозност и потребно внимание. Во сето ова важно е да се напомене дека оваа категорија практично и теоретски во една рефлексна и противречна смисла се набљудува и анализира како движечка и развојна потребна категорија во многу слоеви и во најтесна поврзаност со разни клучни места на сложената општествена структура.

Развиеноста и изграденоста на спортската публика е едно од мерилата за нивото на цивилизацискиот дофат на општествените и културните формации. Додека играчите играат и ја забавуваат публиката, навивачите навиваат и во положба на заострени односи меѓу екстремните делови од публиката во конфликтните ситуации на удар доаѓаат одредени групи навивачи. На натпреварите со висок степен на ризик во развиените демократии се вршат посебни организациски подготовки како за играчите, така и за навивачките групи, посебно за нивните челници, како и во одредени јавни служби, како на пример во Англија и Италија, а и во земјите од соседството Србија и Хрватска, кои ова прашање го имаат регулирано со посебен закон.

Не би должел многу, почитувани колеги, но на крајот би кажал дека целта што би се постигнала со овој закон е осигурување на безбедноста на гледачите и натпреварувачите и другите учесници во спортските натпревари или спортските приредби и обезбедување на рамка со која ќе се спречува, намалува и санкционира недоличното однесување и нередите и насилството пред, за време на спортските натпревари и воедно би се обезбедила заштита на гледачите, кои се однесуваат пристојно на спортските натпревари. За да се обезбеди сигурноста како на домашни така и на странски навивачи за време на одржувањето на спортски натпревари беше

потребно да се заокружи овој законски проект и ние тргнавме од една појдовна основа, посебно во делот на меѓународните натпревари, каде што и самиот закон во одредени членови третира кои се меѓународни а кои домашни, односно кои натпревари со висок или со низок степен на ризичност, не легитимираа во одреден број натпревари како несериозни. Посебно говорам пред македонската јавност, каде и вие самите сте сведоци дека беше запалено знаме на една влијателна држава, потоа еден од предлагачите беше ригорозно санкциониран како во делот на натпреварувањето така и во делот на финансиите, со што беше исклучен од меѓународните натпревари. Како што реков, тоа е еден од предлагачите на законот, г-динот Трифун Костовски и неговиот ракометен клуб. Потоа седнавме одредена група пратеници, правевме анализи, се консултиравме со разни проекти кои се од нашето опкружување и од развиените демократии и заедно со стручните служби дојдовме до едно наше прифатливо законско решение, прилагодено на нашите потреби. Во фазата на влегување на законот во собраниска процедура, посебно ми е драго што се приклучија и други колеги пратеници кои сигурно ќе кажат нешто за овој заонски проект.

На крајот би ве повикал да го поддржиме овој законски проект, да дадеме виза за негово натамошно продлабочување, дефинирање и заокружување на овој законски проект. Се надевам дека во еден разумен временски период ќе биде вратен во собраниска процедура во втора фаза и ќе биде изгласан од пратениците.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г-динот Нелко Стојаноски како еден од предлагачите.

НЕЛКО СТОЈАНОСКИ:

Почитувана г-ѓо потпретседател, почитувани колеги пратеници,

Пред нас е Предлогот за донесување на закон за спречување на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари. Со него, како што слушнавме од воведниот излагач, се очекува односно се смета дека ќе придонесе да се намалат насилството и недостојното однесување на спортските терени. За да се постигне тоа, односно ако неможе оваа појава целосно да се елиминира, барем да се редуцира, таа треба подобро да се познава. Сметам дека предлагачите , на кои им се придружив и јас се релативно добро упатени во спортот, но и во проблемите кои него го следат, а и во познавањето на овие негативни пропратни појави на спортот.

Причините поради кои треба да се донесе овој закон се релативно очигледни. Сведоци сме на бројни инциденти во спортските натпревари и на многу немили сцени кои немаат ништо заедничко со спортот и спортските натпревари, за учесниците служат да постигнат што е можно подобри спортски резултати, гледачите да ги бодрат и поттикнуваат во тоа, а самите да постигнат задоволство и пасивна релаксација посматрајќи ги натпреварите, а не посматрачите да се изживуваат со пресметки со другите гледачи или со вандалско пустошење на спортските објекти.

Меѓутоа, последниве години кај нас почнаа масовно да се случуваат инциденти. Инциденти се случуваа и на натпревари на домашни првенства, но и на меѓународни натпревари, со кои се руши угледот на нашата земја, а натпреварите кај нас се прикажуваат како мечеви со висок ризик.

Морам да истакнам дека според моите сознанија насилството и недостојното однесување не се некоја светска новина и такви нешта веќе 100-тина години се закануваат на спортот, а особено на најпопуларната игра фудбалот. Разулавени орди се тепале, како на пример во Велика Британија како во војните со викинзите. За да ја покажат мондијалската, светската карактеристика на оваа појава, социолозите пресметале дека од 1904 година до сега се случиле повеќе од 70 големи безредија, најмногу во Англија, потоа во Германија,Италија, Аргентина, па дури и во Индија и во Кина. Насилството кај младите главно пропратено на овие спортски натпревари треба да се свати во рамките на урбаната агресивност што тие ја манифестираат. Можеме да констатираме дека сите форми на малолетничка деликвенција претставуваат одредена форма на агресивност и насилство и тие во последно време во нашата држава се во пораст. Потоа, забележливо е дека деликвенцијата се појавува во нови и потешки облици, како што се: разбојништво, убиства, силувања, тешки кражби и сл, дека таа носи карактеристики на свирепост, грубост, бесчувствителност, насилност, дека тие се организираат во банди, гангови, дека вршат немотивирани кривични дела и започнуваат девијантно да се однесуваат на се помала возраст. Како да се објасни ваквото хулиганско однесување, како што најчесто се дефинира насилството на овие млади во светската литература.

Прво, интересно е да ви спомнам дека самиот поим хулиган доаѓа од едно лично име на разбојникот Хули, кој имал своја банда во ЏИЏ  век во Ирска и тие крделе и пљачкосувале се што ќе стасале и секаде каде што ќе поминеле. Меѓутоа, скоро после 100 години хулиганизмот претставува сериозна закана во спортот, особено за најпопуларниот и најмасовниот спорт, фудбалот. Хулиганските орди се

тепаат на стадионите и претставуваат сериозна закана за натамошниот развој на овој спорт. Хулиганите од медиумите се претставени како големи консументи на алкохол, идиоти склони кон безредија  кои носат секаде насилство. Еден број аналитичари на хулиганизмот сметаат дека само фудбалот е место за насилство, но се покажа дека насилството и во светот и кај нас е присутно во сите спортови, дури и кај голфот и кај тенисот. Првите мерки за намалување на ризикот се превземени кога играчите се одвоени од публиката, бидејќи во прво време меѓу играчите и публиката немало бариери. Зошто тоа го прават и на тој начин се однесуваат младите хулигани? Не постои единствен и општоприфатен одговор на социолозите, психолозите, па и криминолозите. Некои сметаат дека тоа е поттикнато од медиумите кои се стремат кон сензационализам. Дру сметаат дека една категорија хулигани сакаат да се истакнат како нешто посебно , како заеница или група со свои вредности, идеологија и практика и сакаат да бидат нешто пвоеќе од проста група навивачи, односно сакаат да бидат забележани. Хулиганството и насилството произлегуваат како модалитет на подршката и навивањето. Такви примери има и кај нас со различни имиња на такви хулигани кои присуствуваат на фудбалските односно на други спортски натпревари.

Понатаму, настанувањето на конфликти и насилство се објаснува со постоење на опозитна група навивачи, со која се одмеруваат силите вербално но и физички на самиот натпревар, но и после натпреварот. Некои насилството го поврзуваат со поттикот од екстремната десница и одредени припадници на националистички екстремистички групи, како на пример  “скинхерци” или Националниот фронт во Франција. Но сепак морам да подвлечам дека моите сознанија укажуваат дека тоа сепак не е мотор на хулиганизмот. Други пак сметаат дека има една гомила неорганизирана која просто претерува во слепо насилство. Според нив, постои една скала на однесување и карактеристики, тоа се млади луѓе кои се определуваат како навивачи, меѓу нив има и поактивни и побучни кои се облекуваат во живи бои и се многу агресивни. Но меѓу хулиганите има и такви, се сретнуваат луѓе со дипломи кои се помалку агресивни, но кои прават стратешки планови за пресметка на таквите групи со полицијата. Најчесто хулиганизмот се смета дека е последица на консумација на алкохол, бидејќи тој овозможува инхибиција на разумни постапки, го интензивира дружењето во група и помага на ваквите хулигани да се тепаат без страв со полицијата.

Но мора да се истакне дека алкохолот е само една алка од каузалниот синџир за објаснување на хулиганизмот. Постои агресивност независно од пиењето и

количината на испиениот алкохол, но постои и пиење заради тепачки, иако некои хулигани не пијат алкохол, иако спаѓаат во најагресивните групи хулигани. Да спомнам дека некои сметаат дека грешките на судиите произведуваат насилство, дека на пример недосудениот пенал за екипата за која се навива е причина за предизвикување насилство или дека хулиганизмот е ритуализирана агресија и дека тој не треба да се сваќа сериозно, иако има повредени и се прават штети на таквите натпревари. Да спомнам дека постојат и такви аналитичари кои сметаат дека еден број хулигани тешко наоѓаат смисла и идентификација во сферата на школото, трудот и други позитивни сфери, па се однесуваат девијантно, односно стануваат зависници од алкохол и дроги, стануваат насилници, се бават со подведување, проституција итн.

Насилството воопшто може да се дефинира како екстремен облик на агресија со употреба на нелегитимна физичка или психичка сила, додека пак агресијата претставува такво однесување кое се манифестира во напад на друга особа со намера да и се нанесе штета или таа да се повреди.

Во оваа симсла, ќе треба да се дефинира и насилството во член 3 став 1 не како што стои таму дека “под насилство и недостојно однесување на спортските натпревари се смета поседување или консумирање алкохолни пијалаци или опојни дроги, пиротехнички средства” итн, значи мора прецизно да се дефинира што ќе се подразбира под насилство.

Мора да истакнеме дека агресијата и насилството не се некое ѓаволско својство на човекот, некој деструктивен принцип и изворите на агресијата не треба да се бараат во нагонската сфера, туку во најголема мера тоа е човеково однесување што е детерминирано од влијанието на средината , од процесите на социјализацијата, но бидејќи кај одредени личности социјализацијата не ги дала очекуваните позитивни резултати, ние предлагаме законска регулатива која ќе помогне работите да се стават во ред и спортските натпревари да бидат места за уживање и рекреирање, а не места за манифестирање на насилство.

Сметам дека овој закон ќе делува превентивно и ќе го намали ризикот од појава на насилство и недостојно однесување на спортските терени, на тој начин што ќе регулира како да се организираат спортските натпревари, какви мерки да се превземаат во смисла на физичко обезбедување и одржување на редот, како да се заштити гостинскиот, но и да се препорача на Министерството за внатрешни работи поефикасно справување со насилниците, за што се покажува колку е таа контрола

поефикасна од нивна страна толку претставува посериозна брана за манифестирање на вакви појави.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Тука би ја прекинала седницата и објавила пауза. Простете, две минути поминаа од рокот, меѓутоа мислам дека беше во ред колегата да се доискаже.

Продолжуваме по еден час пауза.

(паузата отпочна во 13,02 часот)

(По паузата седницата продолжи во 14,25 часот).

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА

Продолжуваме со работа.

Збор има господинот Тасим Сулејмановски.

ТАСИМ СУЛЕЈМАНОВСКИ:

Почитувана госпоѓо потпретседателке, почитувани колеги пратеници,

На расправата пред Собранието на Република Македонија денес се наоѓа еден значаен законски проект од пошироко општествено значење - Предлог на закон за спречување на насилство и недостојно однесување на спортските терени.

Причини заради кои се донесува овој закон се општо познати и повеќе пати акцентирани во нашата спортска јавност. Праксата покажа дека недостојното и насилното однесување на спортските натпревари не само што го загрозува физичкиот интегритет на спортистите и гледачите, туку има и негативно влијание врз регуларноста на спортските натпревари, а во повеќе случаеви, како на пример во фудбалскиот и ракометниот спорт се соочуваме со дисквалификации, казни и забрани. Од друга страна овие негативни појави не дискредитираат во очите на Меународната заедница, оставајќи впечаток на ниска и неизградена спортска култура. Овој закон не може да го решиме и надминеме целиот комплекс на проблеми кои се од спортски, социолошки, психолошки и културолошки карактер. Суштината и позитивната промена можеме да очекуваме од новиот закон за спорт кој се наоѓа во фаза на подготовка. Личбно сметам дека предложените законски решенија претставуваат правна основа за санкционирање и спречување на насилството и недостојното однесување пред спортските натпревари, за време и во текот на нивното одржување.

Посебно сакам да истакнам дека членот 3 од законот дава целосна и јасна дефиниција на тоа што се подразбира под поимот насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, со што се создадени основните услови да се предвидат и мерките за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, дефинирани во членовите 6 и 12 во вториот дел на законот.

Законот што денес ќе го донесеме сам по себе нема да го реши проблемот. Потребен е целосен ангажман на спортските работници, спортистите и гледачите кои конкретно треба да се обединат врз платформата за спречување на насилство и недостојно однесување во спортот воопшто, а не само на спортските натпревари. Значајна и неодминлива улога на овој проблем имаат и училишните педагози по физичко воспитување, во воспитувањето на младите генерации во духот на спортската култура. Ајктивностите и иницијативите на овој план треба да бидат поддржувани континуирано и од Министерството за образование. Како еден од предлагачите, донесувањето на овој закон целосно го поддржувам.

Поитувани колеги и колешки ја очекувам и вашата поддршка. Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Збор има господинот Спиро Мавровски, повелете.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам госпоѓо потпретседателке.

Еве една тема за која што многу посериозно треба да се разговара.

Прво да ги поздравиме колегите кои што се зафатија за еден ваков проект. Мислам дека во моментот се работат неколку вакви закони за спорт, па се надевам дека сите заедно ќе изнајдеме едно право, реално, објективно решение кое што ќе може да биде спроведливо и кое што ќе донесе резултати. Насилството на спортските натпревари е еден голем проблем на кој што во брзо можно време треба да му се објави војна. Тоа е проблем со кој што се сретнуваат и развиените западни демократии, а уште повеќе транзиционите земји со сеуште недефинирани вредносни системи и лабилни институции, како што е и Република Македонија. Ова особено е важно ако се стави во контекст на напорите, кои што ги прави нашата земја за интеграција во евроатланските интеграции, при што се внимава на целото однесување во нашата земја.

Ставено во овој контекст насилството кое се одвива на спортските натпревари, кои што се одржуваат во нашата земја, како и големиот број инциденти, посно на оние кои што се одигрувaат во меѓународните натпревари, во кои учествуваат наши екипи, сериозно го нарушуваат кредибилитетот на Република Македонија  на спортски план.

Иако на прв поглед се работи за небитна сфера, тоа е сепак, од многуте такви слични на неа, кои што во најбрзо можно време треба да се уредат со закон, при што конечно ќе се заведе ред во тие области на нашето секојдневно живеење.

Големите инциденти кои што се случуваат на спортските натпревари во Република Македонија, а посебно на меѓународните натпревари ја наметнаа потребата прашањата за насилното и недостојно однесување на спортските натпревари да се уреди со закон.

Забелешките кои што колегите ќе ги земат предвид се регулирањето на оваа материја, по однос на инцидентите на спортските натпревари, имаше обид да се регулира со Законот за спорт, кој беше донесен во 1996 година. Истиот доживеа промени, усвоени во 2000 година, меѓутоа, за успешно регулирање на оваа област која што за крајна цел би имало подигнување на спортската култура во нашата земја, посебно е важно да се раководи од нашите автохтони искуства, како и од искуствата на екс југословенските простори, како земји со релативно слично ниво на проблеми, кога се работи за наведената област.

Тука корисно би било да се напомене дека со посебно внимание треба да се проучат примерите на развиените земји, како што се Англија и Италија, како и земјите од соседството, Хрватска, Србија и Црна Гора, Бугарија и други, кои ова прашање го имаат регулирано со посебен закон.

Исто така, значителни се искуствата на натпреварите со висок ризик, при што се вршат посебни организациони подготовки, како со играчите, така и со навивачките групи и нивните челници, па и со одредени јавни служби.

Целта на ваквото донесување на овој закон е да се создаде простор да биде проучен од страна на научната, спортската, како и пошироката јавност, при што тие би се вклучиле во неговото изготвување со конструктивни и издржани предлози. Ова е посебно битен елемент, поради тоа што со донесувањето на законот, ќе бидат вклучени и субјектите кои се најдиректно засегнати од областа која што се регулира.

Постојат голем број на елементи кои што би  можеле засебно да се проучуваат при донесувањето на овој закон. Така на пример публиката на спортските натпревари е еден елемент, кој што би можел засебно да се проучува и

кој што е еден важен елемент во поттикнувањето на спортските натпревари. Потоа тука се општествените девијации и деформации, кои што всушност, наоѓаат најголем одраз во однесувањето на публиката. Тука исто така може да се зборува и за безбедноста на спортските натпревари, кој што е елемент кој што треба посебно да се проучува при донесувањето на овој закон, посебно важен при меѓународните натпревари на нашите екипи.

За овој закон е карактеристично што се состои од 13 члена, додека казнените одредби се изоставени со цел за нивно усогласување со Законот за прекршочната постапка, како и со Законот за спорт.

Посебно важно во процесот на усогласување на казнените одредби да бидат вклучени релевантно правни експерти, со што би се избегнале некои неусогласености, кои што би биле причина за некои итни недоразбрања и конфликти.

Друга битна димензија на која што би требало да се обрне посебно внимание се меѓународните правни акти, со кои се регулира оваа област.

Имено, оваа област е регулирана со Конвенцијата за спречување на насилно однесување на спортските натпревари, при што оваа конвенција е ратификувана и од нашата земја, па според тоа, треба исто така, решенијата кои се регулираат со овој закон да бидат усогласени со решенијата содржани во оваа Конвенција. Тоа би било во согласност и со обврската која што е наведена во Уставот на Република Македонија за почитување на меѓународните правни акти, кои што се ратификувани од Собранието на Република Македонија.

Со Конвенцијата за спречување на насилното однесување на спортските натпревари регулирана е оваа област на еден сеопфатен начин, при што опфатените се однесуваат на навивачките групи, политичките притисоци врз нив, проблемите од областа на меѓуетничките односи, кои многу лесно би можеле да се провлечат во оваа област, при што инцидентите на спортските натпревари би можеле да се искористат како причина за нивно разгорување.

Токму усогласеноста на овој закон, со ваквите меѓународни акти би одело во прилог на почитување на меѓународните стандарди во оваа сфера од една страна, а од друга страна почитувањето на овие стандарди би одело во прилог на поуспешното регулирање на оваа многу битна област.

Покрај одредбите од Кривичниот законик, кои што треба да се применат во овој закон, како еден мошне битен елемент, исто така битно прашање е финансирањето на целиот овој проект, односно решавањето на прашањето за тоа

како ќе се покријат трошоците, со покривање на проектите кои што се предвидени со овој закон.

Како еден еклатантен пример за вакви проекти кои што треба финансиски да се покријат е осовременувањето и реновирањето на спортските објекти, што всушност ќе биде главното прашање поставено кога ќе се донесе овој закон. Ова затоа што со донесувањето на овој закон со заокружување на нефинансиската конструкција, всушност би претставувало градење на правна конструкција без реална основа на која што таа се засновува.

Покрај ова постои исто така, една порационална варијанта за вметнување на решенијата, кои што се предлагаат со овој закон во Законот за спорт. Иако во сегашниот закон за спорт не се регулирани овие прашања сите до крај, сепак во тек е изменување и дополнување на Законот за спорт, чија верзија ја припрема и ВМРО-ДПМНЕ, па така можеби би било и рационално решението за еден законски проект, кој што би ги опфатил сите овие прашања. Гледајќи го предложениот закон и неговите членови, јас лично како човек кој што долги години е во спортот, би сакал најдобронамерно да укажам на некои работи кои што предлагачот можеби ги пропуштил. Тука во прашање е кој како и од која страна го гледа спортот, мислам дека сите тука можеме да дадеме придонес да направиме нешто добро за спортот и токму во таа насока, сакам да бидам конструктивен и да укажам на некои работи.

Мислам дека треба да се регулираат поголем број на прашања и тоа правата и обврските на гледачите пред и за време и после натпреварот да биде дефинирано строго. Обврските и правата на здруженијата на граѓани со кои што во последно време се здружуваат навивачите. Значи патувањата, одговорноста на своите членови, како сето тоа ќе биде регулирано во овие здруженија на граѓани. Да се донесе закон со казнени одредби кој единствено може да донесе решение. Такво нешто има во Англија и во Италија. Англија како што кажува почитуваниот колега Нелковски беше земја во која што имаше најповеќе вакви изгледи и најтрагични завршени натпревари со многу жртви кога оградите достигнуваа и до 20 метри. Сега во Англија едноставно нема огради на фудбалските терени, но инцидентите се намалени на максимална можна мера, хулиганите се повторно таму, секое излегување од нивната држаава, предизвикува хаос во државите каде што ќе одат, сето тоа поради нивниот закон, кој што не дозволува апсолутно хулиганство на спортските натпревари, со тоа што кривичната пријава и судијата за прекршоци и Министерството за внатрешни работи реагираат на лице место.

Понатаму, во овој закон со казнени одредби би имало предлозаи, како што стојат и таму, одреден број навивачи кои што покажуваат поголема агресивност, кои што ја повториле неколку пати таквата агресивност на такви спортски натпревари добиваат забрани, со легитимации, со карти за забрана за наредните две,три, пет години да бидат присутни на средбите на било кој спортски натпревар. Значи треба да се работи на тоа поле.

Од друга страна, треба сите заедно да обрнеме големо внимание со работата на сите лица кои учествуваат во спортот. Јас би почнал тука од сите федерации, судии, тренери, спортисти и средства за информирање и навивачите, за фер и спортско натпреварување од најмладите категории до професионалните натпревари и меѓународните натпревари.

За што се работи. Ние вака на овој начин како што работиме сега, можеби додека да го донесеме овој закон за спречување на насилството во спортот, едноставно и навивачи на нашите терени да нема. Затоа што многу дерби средби и во фудбалското првенство и во ракометното се игра пред 100, пред 200 гледачи, така да, ќе треба да се даде многу напор ако сакаме да стигнеме до онаа реалност и да говориме за нешто. Зголемениот број на гледачи е она што го посакува секој спортски клуб, затоа што и средствата за информирање ја подигаат таа тензија, нормално тие навивачи се потребни за постигнување на подобар спортски резултат. Јас не се согласувам дека сите тие се хулигани. Ако човек дојде на натпревар со капа, со дрес и биде бојадисан на своето лице, не значи дека покажува агресивност, затоа што вие да го сакате вашиот клуб, да го сакате вашиот град, вашата држава и тоа да го искажете на спортски терен е сосема нормално и сосема исправно. Тука треба да се поведе една диференцијација на навивачи и хулигани. Десет луѓе во една маса од 1000 луѓе може да направат хаос. Тука е таа разлика и интервенција на Министерството за внатрешни работи. Тоа би се постигнало, како што рековме со промената во Кривичниот закон.

Друга точка за која што зборував и пред малку тоа се финансиските средства, кои што треба да се обезбедат и за меѓународни натпреварувања дозволени и спортски сали и спортски терени. Во Македонија знаеме за фудбалските терени, единствен прифатне е Градскиот стадион во Скопје, додека спортските сали веќе ги имаме три и уште една требе да направиме, за да може да се одржи Европското првенство во Македонија. Значи и од страна, ова е голем проблем, затоа што да организирате натпревар едноставно, спортските објекти да не ги задоволуваат основните нормативи и критериуми, како за играчите, така и за гледачите, мислам е

голем проблем и тука треба Владата и воопшто државата да вложи многу средства да стигнеме во ситуација да ги обезбедиме овие нормални спортски терени за спортско натпреварување на сите наши спортисти.

Треба да се дефинираат правата и обврските на спортските федерации, посебно на меѓународните натпревари каде што игра нашата репрезентација. Значи од доаѓањето на гостинските навивачи, од однесувањето на нашите, пред почетокот, за време на натпреварот и до испраќањето и на навивачите и на гостинската екипа. Тоа е право, но и обврска за фудбалските федерации.

Беше спомната редарската служба, каде што кажуваме во законот дека тоа може да биде редарска служба која што ќе биде избрана од самите гледачи, од навивачите, од професионално обезбедување. Од она што можев да го видам, видов доста такви натпревари. Мислам дека обезбедувањето на Запад се состои од професионално обезбедување и на терени, како што е Данска, Холандија и други има толку малку обезбедување, што за наши услови мислам дека  е примерно, но од друга страна однесувањето на гледачите е нешто сосем поинакво отколку нашето однесување. Значи треба да се работи, можеби треба време, тоа е најтешкото, да го направиме тој пресврт кај навивачите дека треба да му помагаат на својот клуб на спортски начин со спортско навивање и бодрење. Тука е таа разлика. Кога имате 2000 гледачи, а имате двајца редари, за нас е непоимливо за тие 2000-3000, ние ќе треба да повикаме 50 или 100 полицајци да можат да воведат ред и повторно ќе биде проблем.

Значи начинот на кој сите размислуваме, доаѓајќи на тој стадион е малку дискутабилен и тука треба да се работи од најмладите генерации, да ги поттикнуваме на фер и спортско навивање, да почувствуваат дека она што го гледаат пред нив е точно фер и спортски натпревар. Не се работи за наместен натпревар, не се работи за нешто што учествуваат судиите, федерации или незнам што. Нашите средства за информирање сето тоа знаат доро да го напумпаат и одговорноста на крајот да заврши кај сосем трет, кој што во таа игра го нема едноставно.

Во членот 3, еден од предлагачите кажа дека  тука е се дефинирано што значи насилство. Тука се зборува за хартии, фрлање запалки, кованици и мислам дека ова се треба да се регулира, затоа што влегување на терен и фрлање на хартија не може да се земе под исто. Секој клуб, секоја федерација има во сите федерации пропишано казна, толку ролни од хартија, толку е вредноста, толку запалки и тн. Но гледајќи ги сите натпревари во Европската унија, во договор меѓу

гледачите и организаторот на натпреварот, дали е тоа прет почетокот на мечот, дали е тоа пред паузата, дали е на крајот, тие пиротехнички средства, едноставно, се употребуваат за уште поголема прослава на самите натпревари. И тука, едноставно мораме така да размислуваме и ние. Значи договорот дали некој ќе ги вметне тие пиротехнички средства, битно е да не бидат злоупотребени. Тука во членот 3  мислам дека треба да се дефинираат сите ставови, треба да се каже дека не може хартијата и некој што ќе влезе пијан, алкохолизиран, или со предмети со кои може да направи проблем, да биде исто третиран.

Мислам дека на тие меѓународни натпревари критериумите за кои што треба да се придржуваме од европските федерации се многу строги и било кој што учествува во такви работи знае дека треба и мора да се применува. Но за да го применуваме тоа треба да имаме спортски сали, спортски терени и треба да почнеме да ја градиме таа спортска култура, да знаеме до каде можеме, затоа што навивачите не можеме сите да ги крстиме хулигани, а уште повеќе дека сите се хулигани. Има луѓе што доаѓаат да го бодрат својот клуб, да ја дадат таа поддршка што велиме имаме многу терени кои што важат за многу жешки терени, каде што многу тешко се игра, но тоа е коректно и фер навивање  и тоа секаде стои, посебно во овие наши јужни предели. Ја вклучувам тука почнувајќи од Шпанија, Грција, Македонија, Италија, за разлика од Северот, каде што е поладно и каде што се случуваат помалку такви инциденти. Но хулиганството е една тема која што треба да се разгледува многу посериозно, треба да се вклучат многу социолози, затоа што нашето живеење со моменталната состојба во државата и она што не очекува мислам дека придонесува за многу такви изливи на такви насилства, што може би наоѓаат добра почва, токму на спортските терени. Сите заедно мислам дека е најдеме одговор дека треба да се вклучат многу релевантни фактори, кои што ќе значат нешто во донесувањето на одлуката и тоа треба да го решиме точно со закон и секој да си земе за право и да го реализира својот дел од ова што значи закон. Во овој случај јас се придружувам на колегите и максимална поддршка од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Мислам дека на јавна расправа ќе биде даден законот кој што во моментот го работам,  тоа што е за спортот и мислам голем дел од ова ќе биде  многу заедничко со ова што е понудено. Значи уште еднаш поддршка и да најдеме завршница која што ќе биде корисна за сите. Благодарам.

КИРИЛ ДОЈЧИНОВСКИ:

Добро го ислушав г-динот Мавровски. И сега закон, или не закон, за мене е поважна неговата имплементација, а таа многу зависи, како што тој рече, ги повикувам сите да се вклучат во неговата имплементација. Па спомнуваше темперамент на југот на Шпанија, на Италија и т.н., јас го викам и нашиот југ Кавадарци.

Ако се сеќавате само пред извесно време на куп натпреварот ракометен во Кавадарци во кој што настапија Вардар, Ватростална и неговиот клуб, ако не се лажам претседател е Спиро Мавровски -Пелистер од Битола настапија одредени недозволени работи кои што во голема мера ја навредија целокупната македонска јавност и спортската и општествената. Јас лично сметам дека на таа средба присуствуваше и г-динот Мавровски за кое што денеска убаво се изјасни дека треба да се надмине одредена таква појава. Вие сите знаете дека на таа средба навивачите од Битола настапија со кукастите крстови на фашизмот. И дури после обраќањето на изведувањето на нашата химна на изведувачот Калиопи тоа не беше отстрането. Прашувам, дали г-динот Мавровски,односно господините Мавровски во иднина секаде на вакви појави не ќе беше достоинствено да излезе на теренот како претседател и да рече: ја повлекувам екипата од натпревар доколку ова не се отстрани. Ми се чини дека и тоа ќе помогнеше да се надмине срамот на една најфудбалска Битола во Македонија.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Прво да објаснам дека г-динот Мавровски веќе годинаипол не е претседател на ракометниот клуб Пелистер . На натпреварот бев во својство на потпретседател на ракометната федерација заедно со г-динот претседател Трифун Костовски. Дали некој , јас ви кажувам, ако вие под навивачите од Битола ги разбирате и тие двајца, или тројца кои што знамето го чуваат двајца полицајци кои што треба да интервенираат. Ако мислите дека јас сум толку силен и моќен да можам се' да направам, тогаш имаме проблем. Тогаш ако тргнете од тој начин, тогаш јас можам да ги злоупотребам тие луѓе и да ги насочам против вас. Таква работа ниту се случила, а двајца, или тројца луѓе кој што еден човек бил таму со знамето, едноставно немојте да поистоветувате работи за истото да го кажеме дека г-динот претседател на државата бил присутен на мечот Англија - Македонија каде што се запали англиското знаме и претседателот не интервенирал да се угасне знамето. Мислам, такви квалификации и класификации едноставно не држат и не се во ред. Мислам дека ја ставате во заблуда македонската јавност. И ако е ова во интерес на спортот, а јас сум еден од нив, сум бил во многу такви ситуации каде што сум

спречил инциденти кои што можеле да бидат од поголем размер, а заради еден инцидент во Скопје, како што кажа и г-динот Иван Анастасовски на натпреварот на Кометал сите ракометни клубови, вклучувајќи го и Пелистер кој таа година беше првак на Македонија, беа исклучени од сите натпреварувања во европските натпревари. И сега што? Јас треба да го обвинам г-динот Трифун Костовски дека цела Македонија...

ЛИЛИЈАНА ПОПОВСКА:

Извинете, времето ви истече.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Мислам треба да разјасниме некои работи.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор Иван Анастасовски.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Јас сакам да одговорамна некои дилеми кои ги постави г-динот Спиро Мавровски. Ќе бидам искрен, се гледа дека има големи познавања од обласа на спортот и она што го кажа најверојатно бил долгогодишен работник во спортот. Така што, да одиме со некој ред . Сега не е културно да навлеземе во членот 3 дека тој регулира фрлање на хартии, или незнам што. Членот 3 точно со сите свои ставови кажува всушност кои предмети би можеле да бидат потенцијални за некое предизвикување насилство на одреден спортски натпревар. И тука јас не гледам дека во некои од ставовите се споменува хартија. Така што едноставно и законот децидно кажува што значи всушност спречување на насилство и недостојно однесување на спортски натпревари , или од друг аспект гледано, подигање на една спортска култура. Потоа, во она што вие кажувате законот за спорт и имате како пратеничка група предлог за измени во Законот за спорт. Законот за спорт во членот 40 и во членот 41 само ја регулира оваа материја. Значи, не беше проблем да се навлезе подлабоко во она што значи регулирање, или спречување на насилството на спортските натпревари. И самите кажавте, тука само можам да се повторам , изоставени се казнените одредби, бидејки тие , така е и предвидено да бидат усогласени со одредени членови од законот за прекршочна постапка и законот за спорт и тие ќе се најдат во конечната верзија на законот. Она што и ние го

предвидовме како предлагачи да имаат право, она што го кажа во своето воведно излагање, поширокаta спортска научна јавност да има шанси да влијае врз подобрување на самиот текст . Тоа и ќе го направиме во периодот кој ќе помине од оваа фаза до втората фаза ќе дозволиме сите тие да го кажат своето мислење и да влијаат врз текстот на законот.

Од друга страна на Комисијата за образование, наука и спорт, односно Матичната комисија по однос на овој закон беа претставниците на Агенцијата за млади и спорт, тие ги кажаа своите забелешки, беа прифатени од страна на предлагачите тие забелешки и во понатамошната изработка ќе бидат инкорпорирани во самиот текст. Финансирањето на овој закон, всушност овде пишува дека средства од Буџетот не се потребни за покривање на овој проект. Она што е другото, што вие го напоменавте, изградба на сали и незнам други спортски објекти,тоа е веќе некоја друга материја, навлегуваме во нешто друго, тоа е обврска дел на Министерството за образование, дел на Агенцијата за млади и спорт. И сигурно во нивните буџети за тоа се предвидени средства. Драго ми е што еве вие како познавач на спортските прилики посебно во РМ и вашата пратеничка група дадовте подршка на овој закон. Верувам дека се она што беше забележано од ваша страна, ќе го имаме во предвид и ќе успеете и вие како познавач на приликите и понатаму во сите активности кои ќе ги превземаме по однос на овој закон да давате ваш допринос.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г-динот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Мислам ако не се разбравме, јас говорам за нов закон кој што се работи, не за постоечкиот каде што со два члена се регулирани и тука сме на чисто. Во основа јас сум повеќе навивач отколку спортски работник, поголем дел од мојот живот сум бил навивач и тоа ми е гордост. Ова со салите е еден допринос да постигнеме не само со салите и со спортските објекти. Значи, ќе биде многу подобро тоа да го имаме и во Кратово и во Прилеп и во Битола да добиеме терени кои што ќе одговараат на меѓународните стандарди и многу полесно ќе се регулира. Во тоа е основата, не дека овој закон тоа треба да го регулира. Многу потешко ќе ви биде ако во една спортска сала какви што ги имаме многу треба да излегуваат заедно навивачите со играчи. И тука не може после да се бара таа реска граница како ние ќе го обезбедиме натпреварот. Тука се јавуваат проблемите. Мислам во таа конотација ,

не е претенциозно да се кажува дека, еве сега треба се наново да направиме. Треба да се доближиме до европските стандарди. Тоа е основата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г-динот Јусуф Арифи.

ЈУСУФ АРИФИ:

Почитувана потпретседател, почитувани дами и господа пратеници,

По дискусиите на колегите излегоа многу причини за потребата за донесување на еден закон со ваков карактер. Исто така, и јас го гледам како оправдано и со неколку збора да кажам дека го подржувам и го давам мојот придонес кон овој закон, бидјеки како спортист, како спортско лице сум бил присутен на спортски натпревари каде имаше ескалации невидени ескалации и агресивност од неколку навивачи. Спортот како дејност од посебно значење за развојот на државата секогаш бил во фокусот на вниманието на општеството. За ова зборува и фактот дека според општествените измени, политичките и економските во државата стремеа спортот да се внесе во одредени законски рамки. Вака, уште од далечната 1984 година се регулирани односите во спортската дејност. И во 1996 година се донесе новиот Закон кој кореспондираше со измените и истиот беше неколку пати надополнуван. И покрај тоа брзината со која се развиваат измените во општеството влијае во развојот и остварувањето на спортската дејност во зависност и според влијанијата на другите фактори кои многу брзо влијаат во спортот. Затоа се бара регулирањето, одржливото регулирање на спортот во 2002 година се измени Законот за спорт кој отвори можности здруженијата на граѓаните во оваа област да можат да се преобразат во трговски друштва, да ги остварат обврските кои произлегуваат од меѓународните спортски конвенции, да се регулира статусот на експертите и на спортистите, да се регулираат правата и должностите за спортски манифестации и други. Во меѓувреме се донесени и други закони кои ги допираат прашањата од областа на спортот. Така што се појавува потребата за нивно усогласување. Како продолжение на усогласувањата и воздигнувањето на стандардите во спортската дејност, ние денес го имаме предлогот за донесувањето на закон за спречувањето на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари. Многу инциденти кои се случија на спортските натпревари и посебно на меѓународните натпревари треба да се постави прашањето за спречување на насилството и недостојното однесување во спортските натпревари сето ова да се регулира со

закон. Со предложениот закон за спречувањето на насилството и недостојното однесвуање на спортските натпревари ќе се обезбеди сигурноста на гледачите, натпреварувачите и другите учесници во спортските натпревари и ќе се обезбеди основата на правото за санкционирањето на насилството и недостојното однесвуање пред, во текот и по одржувањето на спортските натпревари. Исто така, ќе се обезбеди и заштитата на гледачите кои се однесуваат на чесен начин, како и заштитата на другите граѓани, субјекти и нивната стока. На овој начин граѓаните ќе се привлечат масовно да бидат присутни на спортските натпревари и посебно младото население, со што ќе се зголеми спортската култура и ќе се поттикнат младите да имаат еден поквалитетен спортско рекреативен живот. Од значење е да се спомне дека Републиката е многу значаен фактор за потикнвуањето на спортот, како и фактор за популаризацијата на спортските активности и воздигнувањето на резултатите на спортот. Присутноста на публиката и улогата во спортскито живот и спортистите е една од вредностите , по значајните вредности за нивото на културниот развој на лицето, семејството, државата и националностите. Високите спортски достигнувања даваат можност и предност во однос на другите од еден општ амбиент цивилизиран се оформува и спортската јавност. Исто така, тоа е сомнеж за постојана опасност која што се заканува да ги деформира овие односи во рамките на општествените конвулзии и национални конвулзии кои што во големи рамки ги повлекуваат и општествените придвижувања. Значи, тие општествени и социјални девијации често доаѓаат во иницијална форма , поточно во форма на социјална паталогија со екстремни појавувања на навивачите. Додека играчите играат и ја забавуваат публиката, навивачите застрануваат и во заострени односи со екстремните делови на публиката и во конфузни ситуации доаѓаат до израз од определени групи на навивачи и во натпревари со голема опасност, значи се создаваат подготовки и посебни организирања како со играчите, така и со групите на навивачите и со нивните раководители, нивните водачи, како и со одредените јавни служби. Имајки го ова во предвид ценам дека со донесувањето на овој закон ќе се обезбеди безбедноста на гледачите, на натпреварувачите и на другите учесници во спортските натпревари, како и обезбедување на рамката со која ќе се спречи и санкционира недостојно донесување , неправилно од сите насилството пред, во текот и по спортскиот натпревар. Заштитата на гледачите кои се однесуваат достоинствено, заштита на граѓаните, нивната стока и стоката на правните лица. Исто така, со подготвените решенија со предложениот закон се создаваат услови

спортските натпревари да придонесат за поквалитетен живот на граѓаните, посебно на младите.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г-динот Слободан Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Госпоѓо потпретседателке, дами и господо пратеници, на денешната сесија на Парламентот имаме повеќе законски проекти кои доаѓаат од пратеник , или група пратеници што се за поздравување. На самиот почеток би кажал некои свои видувања околу спортот. Мислам дека не заслужува толку црнење на спортот во Македонија, почнувајки да правиме некои паралели со она што се случува во Англија, во Данска, Холандија, во некои социјални групи паталошки работи, или незнам што .Тука слушнавме дека е толку црно . Јас би рекол нешто друго , спортот и спортистите беа првите амбасадори кои ја одиграа онаа улога околу презентирањето на РМ во меѓународната јавност, затоа што тие први зборуваа со името Република Македонија, а уште ни стои она што значи ФИРОМ. Така што не е толку црно. Ние можеме да се запрашаме и да дадеме одговор ако можеме, а не можеме да дадеме одговор, затоа што финални натпревари во купот на одбојка го гледаат како публика 10 луѓе, или 15. и сега може да се постави прашање, зошто кај нас натпреварите се празни.

Зборуваме за она што се случува во Холандија и да зборуваме за она што се случува во Англија каде имаме посебен ризик со публика од стотина илјади или 200 илјади луѓе, мислам дека не можеме да правиме паралела. Не дека ова го зборувам од причини дека не го поддржувам од овој законски проект, напротив ни најмалку, јас имам повеќе мотиви затоа што како спортист во повеќе спортови сум бил на највисока функција, од претседател, тренер, селектор и не знам што друго многу години, тоа и не е битно и сакам да дадам свој придонес. Сега, ме сретнува еден пријател и вели вие во Парламентот што работите, ги донесовте сите закони од економијата до земјоделството, од вработување и сега ќе го решавате законот за спорт. Јас велам, извинете, и овој закон си има своја тежина и оваа материја треба да се уреди. Ние како пратеници сите работи во Парламентот она што значат живот треба да ги уредиме и сите закони треба да ги донесеме. Не го делам мислењето со добар дел на дискутанти кои удираа многу црно и најцрно во спортот. Треба да се запрашаме што ни се случува нас. Да се повикаме и на она што гледаме што е во

јавноста, па и меѓународната јавност, гледаме два клуба каде две публики навиваат од срце. Гинат за својот спортски клуб. Ние имаме и друг феномен, ја внесовме политиката во спортот. Тоа е нешто што е најважно. Сите клубови ни се исполитизирани. Сите функционери кои се на функција се политичари. Ние ја поделивме публиката. Ова што ни се случува и што дел од колегите забележуваат дали имало кукасти крстови и слично, ако еден да кажеме било кој клуб, еве да речеме Кометал како најуспешен клуб на функција е претседателот од таа партија, другите се против тоа. И што ни се случува? Одиме на евровизија, се исполитизира Тоше Проевски и против Тоше Проевски, да кажам јунак на Македонија, еден дел не го одобрува, затоа што и тој се стави во функција на политичка партија. Ние мораме да се ослободиме од тој феномен политика. Виновни сме тука како Парламент и како политичари, затоа што политиката секаде ја внесовме. Ја внесовме и во детските градинки, ја внесовме и во спортот, ја внесовме и во песната. Ги поделивме луѓето и ние сме тие виновници. За она што треба да работиме дали на спортските терени ќе се однесуваат културно, дали публиката ќе биде културна, за тоа културата не се создава преку ноќ. За тоа тука имаме и колеги пратеници, педагози, професори, ова треба да го работат во основно училиште, во средно училиште. Треба да се едуцираат, да ги подготвиме идните генерации како да се однесуваат не само на спортските терени, туку добро да се однесуваат и на театар, културно да се однесуваат и на сите претстави и на опера. Сега ќе правиме закон за спорт како да се однесуваат, а ако не се однесуваат долично на театар или на опера, исто и во кино, таму треба исто така да донесеме и закони. Ова е еден поттик повеќе на подносителите да донесат закон и за оние што одат во кино, на театар, затоа што културата е таа. Една моја идеа на предлагачите нека го нотираат и нека го забележат, ние како Парламент да направиме нешто друго да ги задолжиме педагозите во основните, во средните училишта, па и на факултет да воведат барем еден час на културно однесување, педагошко однесување за навивање на спортски натпревари. Мислам ние како Парламент во тој сегмент можеме да делуваме. Ако сега овој закон го гледаме вака, тој наизглед е многу мал и во делот на она што значи одредители во нормативниот дел е многу штур, многу е плиток. Треба да го дополниме со многу работи или предлагачите нека земат нешто она што е од Европа, нека направат една паралела, нека го дадат на пратениците да се поправи, нека се направи една доградба, нека се испегла законот, нека се направи еден меј кап и нека се види што се компаративните искуства со Европа, затоа што се стремиме да одиме кон Европа, за да видиме што треба да поправиме. Ова нека

биде не како компликација, туку како комплимент на предлагачите, за да видат она што се случува во Европа. За да имаме она што го бараат предлагачите треба да имаме амбиент, треба да имаме услови, да имаме терени, средства, финансирање, што мислам сето ова е едно многу големо и комплексно прашање. Во Македонија немаме еден спортски објект за врвно натпреварување. Ние не можеме да одржиме европско првенство. Не можеме да организираме светско првенство. Во малите спортови немаме една сала што ги задоволува критериумите. Ова ви го кажувам од искуство како директор на ракометната федерација. Нас секогаш ни гледаа низ прсти со години, затоа што ниеден наш спортски објект не ги исполнува европските критериуми и стандарди. Ни попуштаа, затоа што знаеме дека имаме надежни и перспективни спортисти во сите категории и ни гледаа низ прсти. Ако се применуваат тие стандарди, тогаш нема да имаме ризик со хулигани, ние не исполнуваме елементарни услови, за да имаме еден тип на првенство од она што значи врвно првенство, европско или не знам кое. Сите наши натпревари во делот што се меѓународни се со голем ризик. Не само што не третираат како држава, туку затоа што спортските објекти не ни се на она ниво што се европски или светски стандарди. Ова е прашање што треба да се обработи од самите предлагачи. Некој ќе каже да, ние донесовме закон за спорт и би го оптовариле овој законски проект. Не е баш така. Главната поента што од тука некои забележуваа наши колеги пратеници дали ние треба да го имплементираме овој закон. Да, се сложувам со пратеникот кој рече дека не е битно ние да донесеме закон. Ние донесовме Закон за пушење. Претседателот на Собрание ни пуши по ходници. Министрите ни пушат, пратениците пушат. Замислете, во Парламентот тука ги гледаме пушат цигари.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Извинете колега, ако може да се фокусирате на законот.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Јас убаво се фокусирам, вие не сте фокусирани. Не можете да пушите и вие ако пушите, тоа важи и за вас. Нема да пушите и вие. Во Парламентот нема пушење. Ние ќе донесеме закони кои ќе се применуваат. Претседателот на Парламентот ќе запали цигара и оди и шета тука. Министерот на Комисија пуши, бил министер, ма каков министер, какви претседатели, закон е закон за сите и има да се применува. И овој закон ако го донесеме, да се применува. Во делот на казнените одредби, ние немаме ништо за казнените одредби. Таму некаде во членот 12 имаме

таксативно наброено и тоа вака “Министертсвото за внатрешни работи за време на одржување на спортски натпревари со зголемен ризик ги презема сите потребни мерки на спречување насилство ...”, ова не е топла вода. До ден денес Министерството за внатрешни работи си ги обавуваше овие функции. Јавен ред и мир се знаеше за секој што ќе се огреши по еден, друг или трет основ ќе си добиеше пријава, оние што отидоа малку подалеку ќе добијат кривична пријава, правната држава си функционира, МВР си ги има инструментите, ќе ги прибере и ќе ги казни. Така што, ова не е новина.

Би се вратил на она што значи амбиент, она што значи култура на навивање или културно однесување. Би ви препорачал мое видување, моја сугестија на предлагачите бидејќи ова е прво читање на законот да најдат одредба, да најдат член, да најдат нешто да ги задолжат педагозите, да ги задолжат педагозите во основно образование по еден час да одржат за она што значи културен натпревар. Да ги носиме на натпревари ако треба и децата да се едуцираат генерациски. Културата не се стекнува преку ноќ. Таа се стекнува не само во училиште, има и домашна култура, на улица има култура, во кафана и во Парламент. Така ќе се едуцираат идните генерации. Ние со законски одредби што ќе направиме? Ние говориме дека сме како некое друштво, па нема да имаме публика на спортски натпревари со вакви закони и така никој не гледа спорт, затоа што знаеме каква е државата, какви се граѓаните, знаеме каква е економската моќ, каква е социјалната моќ и никој не може да си приушти да плати карта од 500 денари. Ние треба да подискутираме што со тие што вршат злоупотреба во спортот. Тие што ги местат натпреварите, тие што ги лажираат, тие што прават штета и тука треба законот да има посебни одредби, каде што ќе каже, оние што прават тоа и тоа да се казнат. Или, ние сме на власт, па нашата екипа и да се степа, ќе пуштиме т.н. рекетари, па ќе тепаат во име на власта, ќе ги пуштиме и со оружје, тоа така не може. Ние треба да направиме закон кој ќе биде по теркот на граѓаните и она што значи европски закон.

На крајот би се вратил на она што мене ме боли, да се исклучи политиката од спортот. Најголемо зло е тоа што политиката се меша во спортот. Ги политизираме во натпреварите. Ние како политичари ги сносиме сите одговорности. Така, успеавме не само да ги поделиме луѓето, во едно семејство еден брат е за една политичка партија, другиот брат е за друга партија, па се тепаат. Таму направивме раздор и правиме раздор и на полето на спортските натпревари. Да се тргне политиката од спортот, затоа што не оптоварува и не обременува. Тука треба

да најдат некоја форма и тука ќе биде еден исчекор, во делот на сите други овие што се дадени како предлози.

Ние како Либерална партија апсолутно го поддржуваме овој законски проект, но цениме дека предлагачот ќе ги има предвид сите овие забелешки од сите пратеници и дека во втората фаза ќе излезе со многу подобар текст, многу посрочен, многу подобро изготвен, затоа што вака даден текстот во нормативинот текст е многу штур. Мислам дека ќе ни се смеат ако донесеме еден ваков текст односно ако донесеме еден ваков закон, а почнуваме да бидеме на ренген снимка да не гледаат овие од Европа. Дајте консултирајте се, земете ако треба стручни кадри, луѓе кои ја знаат оваа материја. Земете искуство од Словенија, од Хрватска, од Англија, од Франција, од Италија и од било која држава, не е битно. Земете, направете еден добро срочен текст. Ваков закон е многу штур. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има господин Иван Анастасовски.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Господине Даневски, земете ги стенограмите и ќе видите дека планираме помеѓу двете фази апсолутно цела спортска, научна и било каква експертска јавност да ја вклучиме и да направиме она што вие го велите што поквалитетно законско решение. Како тргнавте со вашиот говор, јас се уплашив едно време како предлагач и си реков ќе треба и овде внатре во Собранието да се донесе некој закон за спречување на насилство. Меѓутоа, добро, тоа е ваш стил и тоа го ценам. Верувајте. Да одиме со некој ред. Јас не верувам лично или некој од предлагачите дека имаше намера да го оцрни спортот и не верувам дека со едно вакво законско решение некој има такви задни намери за црнење на спортот. Паралела правиме со Англија и Шпанија. Таква паралела правиме во делот на некои решенија кои се таму, не само во Англија и во Шпанија и соседните држави, а јас тоа го кажав што се обидовме да ги прилагодиме за нашите потреби. Се знае, појдовната основа е Англија и Велс, тоа е појдовниот закон за цела оваа проблематика. Меѓутоа, ние, сепак треба да ги прилагодиме на она што е за потребите на Република Македонија, политиката. Политиката е внесена одамна и јас не гледам со овој закон дека тоа нешто се третира. Таа ако е во спортот, еве веќе настојуваме полека политиката да ја тргнеме барем од овој сегмент. Вие многу добро кажавте дека спортистите во принцип се и амбасадори на една држава. Дали ние можеме да организираме? Па, ние покажавме

дека можеме да организираме европски првенства. Во Охрид организиравме европско првенство на младинки во кошарка. Еве, сега добивме уште една таква организација за европско првенство за ракометарки младинки, така што ние на тој план покажуваме дека знаеме, можеме и умееме.

Сепак, да се вратам на законот, бидејќи сум еден од предлагачите. Она што вие исто така го рековте да успееме како предлагачи да поттикнеме со закон педагозите или некои други служби да даваат воспитување на млади луѓе по однос на културата и посебно во делот на спортот. Тоа, господине Даневски се регулира, се знае каде, во Законот за основно образование поточно во наставните планови за основно образование. Јас се сложувам со вас дека навистина треба да имаме терен и тука сме на исто. Ние, всушност, имаме терени односно спортски објекти, меѓутоа, тие се на едно навистина лошо ниво и за тоа треба сите заедно да поработиме, бидејќи еве гледам и вашата пратеничка група преку вас и пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ го поддржаа овој законски проект. Значи, овде генерално политиката многу не влијае. Значи, сите со консензус сме по однос на ова прашање. Во делот она што рековде дека има и нема навивачи на финални некои одредени спортски натпревари да, тоа е така и тоа стои. Меѓутоа ние со овој закон тоа не можеме да го регулираме и не можеме да го третираме по однос на овој закон. Верувајте, вашите препораки навистина ќе гиземеме предвид да донесеме што поквалитетно, што попрецизно и поприфатливо законско решение односно законски проект. Тоа сигурно ќе го направиме во тоа бидете уверени и пак да не се навраќам на тоа и колегата Мавровски го кажа за казнените одредби. Вие читавте еден член меѓутоа реков дека тие се оставени за во втората фаза и тие ќе бидат прецизно регулирани и вметнати во самиот проект.

Благодарам на вашите сугестии, колега Даневски.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јавува господинот Слободан Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Не очекував дека ќе ми реплицирате.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Се извинувам, не беше реплика, тоа беше дискусија.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Добро.

Во однос на тоа што рековме дека ќе донесуваме закон во Парламентот, купете си шлем, ако мислите дека сте загрозени во парламентот, со шлем ќе доаѓате, или панцир опрема.

Во делот на тоа што беше мојата забелешка спрема вас. Сега вие ми се обраЌате мене,  да слушнете друго мислење. Вие како предлагач, јас ценам дека сте неискусен. Во ред е тоа. Но вие како предлагач треба да го слушнете мислењето, да сублимирате, а вие сега тука ми држите реплики, ме убедувате за спортот. Јас имам свое видување.

Мојa сугестија беше вие да најдете форма, дали ќе сугерирате, дали се учи преку основно образование или преку средно, да се сугерира, она што значи култура на однесување во спортот. Дали тоа ќе го правите со педагозите, со научни работници, итн, да се обработи таа проблематика. Инаку вака што би постигнале. Да донесеме закон за спорт, што би постигнале. Ништо. Исто би било како со Законот за пушење. Ние сме донеле кој знае колку закони, ниеден не применуваме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Исмет Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги,

Јас прво сакам да ја поздравам оваа иницијатива на оваа група мои колеги кои со сето тоа ни овозможија преку нивниот предлог за донесување ред односно за спречување на насилството за спортските натпревари што на некој начин ние можеме да ги изразиме нашите мислења и истовремено да ги нагласиме сите тие слабости кои што ни се пројавуваат во нашето секојдневие и за кое што ние разговараме во разни кулоари и на разни начини во зависност од тоа колку сме вклучени во спортот, на активен или со тие со кои што разговараме и секаде вистана е дека се изразува незадоволство што се однесува на однесувањето кое што не е во ред на симпатизерите било да се на клубови, но имаме случај кога играат репрезентациите на разни спортови на Македонија со другите држави.

Ние дефинитивно треба да најдеме форма со норми било законски или разни правилници да изнајдеме форми на подигање на тоа што се нарекува спортска култура, поддржување на една екипа или на една репрезентација. Да ви кажам право од моето искуство, некогаш сум бил и самиот активен играч на фудбал,

но секогаш сум бил и во раководствата на клубовите и секогаш сум мислел кој ќе биде начинот и формата да култивираме една култура на однесува и на симпатизерите и на спортистите на спортските натпревари.

Во последно време паѓа во очи на многу луѓе кои се бават со спорт, јас многу често се наоѓам на спортските објекти каде се игра фудбал или нешто друго само од причина што ми пречело што се нарекува култура на однесување на симпатизерите, се разбира на некои од симпатизерите, постабилните.

Да учествувам или да бидам активен сведок на една игра на фудбал каде на пример Македонија игра со Англија или Македонија игра со некоја друга држава, а истовремено да слушам навреди на национална основа кои се вулгарни кон мојот народ или кон мојата нација до тоа ниско ниво, навистина ме направило и јас лично и како пратеник да не бидам дел ниту на навредите, меѓутоа и дел на слушателите на тие вулгаризми.

Гледам дека предлагачите предвиделе мерки како треба да се работи за да се има култура во тоа што се нарекува однесување на симпатизерите, однесувањ на водачите на клубовите, меѓутоа и на репрезентациите на разните спортови.

Меѓутоа, имам еден конкретен предлог, вообичаено тој што е поактивен во следење на спортските настани или натпревари овие групи со недостојно однесува вообичаено имаат своја маскота, имаат т.н. диригент, раководител или водач и сите други одат по тој диригент или тоа што го прави таа маскота. Вообичаено секогаш е тој прв кој ги повикува навивачите, симпатизерите на тоа што се нарекува симпатизирање со култура или без култура и без ниво со вулгаризми и навреди врз етнички основи или национални основи.

Затоа треба покрај другото во мерките кои треба да се преземат врз основа на ова што се предлага од моите колеги пратеници да се предвиди и мерка која ќе биде како казнена мерка или за преземање казнени мерки посебно за тие кои се нарекуваат маскоти или диригенти на тие групи кои често пати не доведувале до многу тешки ситуации, како што рекоа некои дискутанти, мои колеги дури и ќе се засрамите пред еден повисок и подалечен аудиториум на тие кои го следеле тој натпревар, како што спомна овде некој, значи натпреварот Македонија - Англија и сите изјави потоа што се слушнаа на разни нивоа.

Меѓутоа, јас се надевам дека имаме еден почеток, еден старт, добро е што со норми и одредби оваа работа да ја регулираме, меѓутоа, тоа што ни преостанува е да работиме повеќе во пораките кои ни доаѓаат од овој предлог од

нашите колеги, во врска со спречување на насилството и на тоа што го гледаме во нашето секојдневие по нашите стадиони.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Прво, Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за усвојување закон за спречување на насилството и на достојното однесување на спортските натпревари.

Второ, предлагачите на законот, пратениците Иван Анастасовски, Трифун Костовски, Славица Станковска, Рафет Муминовиќ, Коста Прешоски, Тасим Сулејмановски, Зоран Шапуриќ, Јусуф Арифи, Рафис Алити, Недим Рамизи, Нелко Стојановски и Агим Џелили ќе изготват и на Собранието ќе му достават Предлог на закон, при што ќе ги имаат предвид забелешките, мислењата и предлозите содржани во Извештајот на Комисијата за образование, наука и спорт, како и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

Трето, овој заклучок заедно со извештајот на Комисијата за образование, наука и спорт и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до предлагачите на законот пратениците Иван Анастасовски, Трифун Костовски, Славица Станковска, Рафет Муминовиќ, Коста Прешоски, Тасим Сулејмановски, Зоран Шапуриќ, Јусуф Арифи, Рафис Алити, Недим Рамизи, Нелко Стојановски и Агим Џелили.

Јас ги молам службите да го утврдат бројот на присутните колеги пратеници во салава пред да одиме на гласање.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Јас ги молам колеги пратеници што се наоѓаат во Собранието да влезат во салата за да можеме да пристапиме кон гласање.

Трите групи да помогнат да обезбедиме кворум.

Предложениот заклучок го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласаа 56 пратеници од присутни 61, за гласаа 55 и негативно 1 пратеник.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

***Преминуваме на 35-тата точка - Предлог за донесување закон за поттикнување на вработувањето.***

Предлогот за донесување на законот, мислењето на Владата и дописот на Законодавно правната комисија ви се ставени.

Отворам претрес.

Ве молам, кој бара збор?

Збор бара господин Ангел Димитров, повелете.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Почитувана госпоѓо потпретседател, почитувани колеги пратеници,

Ако има нешто за што постои консензус помеѓу сите политички партии во Република Македонија, тогаш тоа е одговорот на прашањето кој е најсериозниот економски и социјален проблем во Република Македонија. А одговорот е познат. Тоа е високата или подобро кажано огромната невработеност. Мотивот што ние група пратеници поднесовме предлог за донесување на нов закон за поттикнување на вработувањето е нашиот став дека Република Македонија со ваква висока стапка на невработеност, не смее да остане без закон, кој на директен начин, со една проактивна политика на помагање при вработувањето, ќе влијае на работодавците за отворање на нови работни места. Кои се резултатите од примената на последниот закон за поттикнување на вработувањето, или популарно наречниот втор Бранков закон од 16 април до 31 декември 2003 година. Значи, за неполни девет месеци се вработени вкупно 14.840 лица кај 5.486 работодавци.

Понатаму, 30% од овие нови вработени се неквалификувани и полукфалификувани, 60,5% се квалификувани и лица со завршено средно образование и само 9,4% се со завршено вишо и високо образование. Ова зборува дека најмногу се вработени оние граѓани кои припаѓаат во социјално најзагрозените категории и на кои вработувањето им е најнеопходно.

Понатаму, најголемиот број од остварените вработувања се остварени во преработувачката индустрија, дури 6.212 лица или 41,9% и трговијата со 5,362 лица или со 36,1%. Како што се сеќавате, одредбите од овој закон не се применуваат за државни органи, јавни установи, јавни претпријатија, локални самоуправи и други корисници на средствата од Буџетот. Критиките дека преку погодностите на овој закон се овозможува работодавците кои претходно вработувале на црно, т.е. непријавените работници сега да ги пријават и дека не

станува збор за нови вработувања, не држат, затоа што и таквите вработувања се позитивни. А, ќе биде потребно и понатаму да изнаоѓаме начини работата на црно да се намали.

Овде сакам да истакнам дека ќе биде потребно да усвоиме измени на Законот за работните односи, со цел да се зголеми флексибилноста на работната сила. Да воведеме мерки и инструменти, со кои сите вработени во земјоделието, на семејните имоти, непријавените самостојни вршители на дејности и други вработени во таканаречената сива економија да се вравотат, па макар на определено или пак скратено работно време. Еден од начините ова да го сториме е овозможувањето на флексибилно работо време, т.е. работно време пократко од осум часа. Најниските придонеси и даноци од плата да се пресметуваат во зависност од работните часови. Да се укинат договорите за дело за лицата кои се пријавуваат во Заводот за вработување. Да се либерализира примената на некои надоместоци од плата, како на пример К-15, надоместокот за исхрана и некои други измени кои ќе ја зголемат флексибилноста на работната сила. Впрочем, основната цел на новиот лидер на грчкиот ПАСОК Јоргос Папандреу, кога предлози работодавците во Грција да се ослободат од плаќањето на социјалните давачки за нововработените за првите четири години, беше баш тоа, да се намали работењето на црно и да се обезбеди социјално и здравствено осигурување на оние работници. Значи, неговата етичка и социјална димензија. Дека и нашите работодавци се заинтересирани за вакви бенефиции и дека тоа позитивно влијае на нивната одлука за нови вработувања, најдобро покажува фактот дека само во последната недела од важењето на вториот Бранков закон се вработените 5.592 лица или 37,7% од вкупно вработените по овој основ.

Почитувани пратеници, во последните 5 - 6 години и минатата и сегашната влада, донесоа неколку документи во кои го анализираат проблемот на невработеноста и предлагаа низа мерки за нејзино намалување. Ќе споменам само некои од нив. Во Програмата за економски развој на Република Македонија од 1999 до 2003 година што беше донесена од поранешната влада, во текот на јули 2000 година, се предвидуваа неколку мерки за спроведување на активна политка на пазарот на работна сила. Овие мерки беа поделени во три групи, од кои првата група ги опфаќаше мерките за помош при вработувањето кои опфаќаа осовременување на работата на Заводот за вработување, како би можел навреме да ги пружи информациите за слободни работни места, организација на работни клубови, саеми за вработување и тн. и тн.

Втората група на мерки беа од типот на разни одлуки, преквалификации и доквалификации.

Третата група на мерки со кои се планираше директно влијание на отворањето на нови работни места од типот едукативна поддршка на малите и средни претпријатија, мали бизниси, самовработување и зголемување на јавните работи за изградба на објекти од инфраструктурата. Сегашната Влада го изготви Националниот акционен план за вработување, а во макроекономската политика за 2004 година зголемување на вработувањето го темели на три сегменти и тоа: активни и превентивни мерки за невработените и неактивните, во кои се споменува реорганизација на Заводот за вработување, стимулирањето на флексибилни форми за вработување, намалување на трошоците за регистрација на фирми, локални партнерства и така натаму.

Вториот сегмент опфаќа промоција на развојот на човечкиот капитал и доживотно учење во кои спаѓаат низа мерки како на пример, унапредување на стручното образование и доживотно учење и мерки за намалување на непријавената работна сила.

Во третиот сегмент спаѓаат мерките за отворање на нови работни места и потмогање на претприемаштвото и тн. и тн.

Почитувани пратеници, ваквите мерки и политики се повторуваат во скоро сите документи. Некои од нив се реализирани, а некои од нив се обични декларации за целите што сакаме да ги постигнеме. Од сето ова што до сега го наведов, станува јасно дека единствената мерка која директно влијае на одлуките на работодавците за зголемување на вработувањето, на краток рок е преку ослободување од плаќање на одредени социјални давачки, т.е. даноци и придонеси од плата. Останатите мерки што ги наведов, можат да дадат резултати на подолг рок, кога ќе се подобри севкупната клима за стопанисување, со зголемување на инвестициите и со севкупниот развој на економијата.

Сега неколку збора за самиот Предлог закон. Бидејќи Буџетот на Република Македонија за 2004 година е веќе донесен, а немајќи некои додатни извори на средства за спроведување на политиката на субвенционирање на трошоците на работодавците за новите вработувања, ние се одлучивме да ги субвенционираме трошоците за придонесите за пензиско - инвалидско осигурување, за вработување и за здравствено осигурување, само на две целни групи и тоа: корисниците на социјална помош и корисниците на паричен надоместок за невработеност. Ова затоа што овие лица и како невработени примаат одредени

средства од Буџетот на Република Македонија. Како што ви е познато, од 1999 година па наваму, бројот на корисниците на паричен надоместок поради невработеност постојано се зголемува поради стечајните постапки, прогласување на технолошки вишоци и по основ на Законот за преструктуирање во согласност со преземените обврски со аранжманот на Меѓународниот монетарен фонд и на Светската банка.

По однос на забелешката од страна на Владата на Република Македонија дека корисниците на паричен надоместок поради невработеност, примаат надоместок максимум 14 месеци во зависност од стажот на осигурување, а ние предвидувавме ослободувањето да трае 24 месеци, со што ќе се јави разлика како во времето на ослободувањето, така и на висината на средстватас и ќе бидат потребни дополнителни средства од Буџетот. Нашето мислење беше дека преку другите јавни давачки, како на пример данокот на додадена вредност што ќе се плати на новосоздадените производи, данокот на добивка и другите јавни давачки може да се покријат настанатите разлики.

Ставот на Владата на Република Македонија одредбите од предложениот закон да ги вгради во измените на Законот за вработување и осигурвање во случај на невработеност и во Законот за социјална заштита за нас е прифатлив, затоа што тоа се закони кои директно ја регулираат оваа материја и нема да се ограничува нивната употреба само за одреден временски период.

Почитувани пратеници, како што ви е познато, Владата на Република Македонија веќе ни достави предлог за изменување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, кој беше ставен на дневен ред на 60-тата седница, но потоа до допис беше одложен, за да конечно го разгледаме и се надевам го усвоиме на наредната седница што ќе се одржи во петок на 21 мај 2004 година. Како што можевте да прочитате, во предложените измени се вградени и дел од одредбите на Законот за поттикнување на вработувањето што ние го предложивме. Се согласувам со Владата дека предложените измени дури и се поповолни од оние што ние ги предлагавме. Јас се надевам дека наскоро ќе бидат изготвени измените на Законот за социјална заштита и таму исто така ќе се вградат одредбите кои ние ги предвидувавме во предложениот закон за поттикнување на вработувањето. Поради ова и поради фактот што овие два закона ќе бидат предложени во Собранието на Република Македонија да се разгледаат во скратени рокови, т.е. во една фаза, со што ќе можеме многу поскоро да ги усвоиме во

Собранието на Република Македонија и да ги добиеме ефектите од истите закони, јас во име на предлагачите, го повлекувам нашиот предлог.

Ви гблагодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Господине Хисни Шаќири за истава точка, бидејќи предлогов е повлечен од предлагачите.

За следната точка нема присутни од предлагачите и ја оставаме за на крај.

***Одиме на 37-та точка - Предлог за донесување закон за употребата на знамињата на припадниците на заедниците во Република Македонија, со Предлог на закон.***

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот, дописите н Законодавно правната комисија и на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците и мислењето на Владата на Република Македонија ви се доставени.

Согласно со точка 2 од Амандманот Џ на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ве молам, кој бара збор?

Господин Исмет Рамадани, повелете.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги,

Уште од почеток сакам сите да ги ослободам од еден комплекс за да разговараме и за оваа тема, значи за овој предлог закон, се разбира ослободувајќи се самите од сето тоа што може да биде како размислување или толкување и од другите дека предлагаме нешто што не  му е времето или местото или не е момент за ова прашање. Од искуството, од сето тоа е слушано до сега од сите залагања направени до сега, за да имаме закон за употреба на симболите односно на знамето, не принуди на еден начин уште еднаш, како припадници на Партијата за

демократски просперитет, ние двајца пратеници кои што сме тука не да направиме некоја лесна правокација на овој состав на Парламентот, туку уште еднаш да ве потсетиме дека ова прашање и оваа проблематика треба да се регулира со закон. Едно вакво залагање сме направиле во 1997 година, но знаеме добро дека веднаш по доаѓањето на една друга Влада, но и со доаѓањето на други луѓе во Уставниот суд се случи укинувањето на овој закон ние дефинитивно немаме закон за употребата на знамето односно на симболите.

Бидејќи е вака, сега правиме уште едно залагање, но повикувајќи се или засновајќи се на Амандманот 8, значи во измената на Уставот кој доаѓа како резултат на Рамковниот охридски договор и засновајќи се на уставната одредба дека припадниците на заедниците, јас додавам национални, имаат право слободно да го изразуваат, негуваат и развиваат својот идентитет и особеностите на својата заедница и да ги употребуваат симболите на својата заедница. И со тоа го изразуваат својот идентитет. Имајќи ги во предвид сите овие работо. Имајќи ги во предвид едно искуство таму некаде, горко искуство одвреме-навреме употребувајќи и разни реперкусии одвреме навреме и разни толкувања, официјални или неофицијални дека се употребува знамето на една национална заедница или на еден народ, другото знаме не се употребува паралелно со државното знаме и националното знаме, или националното знаме и сите овие толкувања и овие пријавувања на еден начин имаат создадено една рашамонијада во толкувањата и во размислувањата, но и состојби за кои честопати сме биле неоговорни и без меѓународниот фактор каде што разговаравме со нивните претставници овде и на нив не сме можеле да им дадеме до крај еден одговор како се употребуваат нациналните симболи и државниот симбол овде во Република Македонија.

Засновајќи се на одредбата и на Уставот, засновајќи се на Рамковниот договор ние сега имаме дадено еден модел за кој уште од почеток можам да кажам не е совршен. Не е можеби најдобрата форма, дадена во форма, во вид на одредби и членови и сите тие други норми кои го составуваат еден ваков предлог закон, но бевме отворени и долго време е во постапка овој предлог закон и чекавме да реагираат парламентарни групи, пратеници, колеги, Владата, значи на еден начин со нивните конкретни предлози да ни направат уште некоја забелешка. Значи, ние во однос на некој наш пропус во нормирањето на тоа што значи употреба на симболите или употреба на знамето. Тоа до денес не се случи, и сега ние излегуваме пред вас, значи на еден начин читајќи ги и увидувајќи ги овие мал број на членови кои го регулираат ова прашање а вкупно се 7 со крајнот член, и на еден начин да се

помогне да се воспостави ред во употребата на националните симболи заедно со државното знаме. И ние се разбира, појдовме од некои аргументи за кои мислам дека се многу реални со самиот факт, дека 20% на еден начин е и едно правило и одредба во законските норми, но и како Рамковен охридски договор за да се употребува и јазикот и симболите и да се изрази колективниот идентитет во Република Македонија. Во овој случај станува збор за албанците. Значи сме го дале овој предлог,секаде каде бројот на граѓаните кој се 20 или над 20% да се употребува националното знаме покрај државното знаме. Кога го велам ова на дециден начин го објаснуваме ова односно велиме дека ќе се употребува и во други установи на територијата каде што е една општина со овој процент на жители. Разликата од претходниот закон во тоа дека има предвидено да се употребува само во локалната самоуправа како што викаме во општините, сега на територијата сите институции, установи кои се на територијата на таа општина, дали се јавни претпријатија или се училишта, или се други државни установи на ниво на општините ние ги предвидуваме начинот и формата на употребата на знамето, националното снаме или паралелно со државното знаме.

Овие одредби се одредби за кои јас еден по еден не сакам да ве замарам и да ви укажувам, бидејќи оваа тема која секогаш беше интересна за нас пратениците, но и за јавноста, јавноста ова многу добро го знае. Ние сме се потрудиле да ја регулираме употребата на знамето, сме дале и можност се разбира и ние и другите заедници велам, повторно национални заедници во тие општини каде ќе има разбирање или договор во рамките на општината да се употребуват и другите симболи. Имаме случај на пример знамето на турците да се употребува во местата каде не се 20%, но во рамките на општината можат да бидат, во рамките на Републиката, не се 20%, но во рамките на општината се 20%. И ако тука има едно добро разбирање, а јас се надевам дека ќе има да се регулира значи еднаш засекогаш ова прашање, употребата на националните симболи за да се изрази идентитетот и за да се негува идентитетот и сето ова да не буди негативни чуваства на ниеден начин врз симболот, кој го изразува идентитетот на другиот да се зголеми почитувањето врз државното знаме и да се зголеми почитувањето и врз знамињата на националните заедници кои на еден начин го сочинуваат мултинационалниот мозаик, мултикултурниот мозаик на Република Македонија. Ова е значи закон, овие се одредбите, ова се членовите, јас немам други објаснувања бидејќи и покрај тоа ги оценувам информациите, знаењето и тоа што го имате како сејодневно доживување во врска со употребата на симболите. Значи вие да одлучите за да го дадете вашето

за или вашата поддршка и за овој закон. Јас знам секогаш кога пратениците предлагаат закон, ние како пратеници тоа што сум го повторил и кога имаше други предлози, или сме имале други предлози на други закони, слични или од разни природи знам дека пратениците на парламентарното мнозинство обично своите образложенија ги даваат дека ова ќе го предложи Владата и ние ќе го поддржиме Предлогот на Владата, но кога ќе биде тој момент кога ние како пратеиници и самите ќе го изразиме нашето его како пратеници за да дадеме согласност за еден предлог кој го регулира ова прашање.

На крајот на краиштата ако некаде е максимално да се интервенира со амандман, значи еднаш и колегата пратеник да се изрази е позитивно со свој амандман, но изгледа дека ова сеуште не се случува, но како и да е сега ние ви оставаме вас да разговарате, да се изразите и се разбира наша порака и наше право е да бараме да се поддржи овој наш предлог закон.

Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Збор има господин Хисни Шаќири.

ХИСНИ ШАЌИРИ:

Госпоѓо потпретседател, почитувани колеги пратеници,

Пред нас се наоѓа закон кој има голема тежина со самиот факт што излегува и како обврска од самиот Охридски договор. Мислам дека ова сите го знаеме. Можеби да го кажам и тоа што било многу оправдано да овој закон досега требало да се донесе од овој Парламент, затоа што токму ова е закон кој што затвора едно значајно прашање, прашање по однос на еден проблем кој сега за сега е нерешен.

Јас предлагачите на законот ги поздравувам и се радувам, исклучително се радувам што покренаа иницијатива тие самите, без оглед на кој политички блок му припаѓаат или на кој политички субјект му припаѓаат. Значајно е што оваа иницијатива и овие иницијативи кои што произлегуваат од пратениците, и бараат да што побрзо се решат некои прашања. Мислам дека таа иницијатива треба да се поздрави. Токму јас ќе ја искористам приликата да ја спомнам и иницијативата на истиот пратеник Исмет Рамадани и Абдуладии Вејсели, ако не грешам чии предлог беше за измена на Законот за државјанство. Потоа за кратко време тој закон се предложи од страна на Владата.

Разбирам дека целата иницијатива во тоа време во однос на предлог измената на Законот за државјанство, иницијативата ја забрза процедурата во Владата и постигнавме да имаме нов закон кој во споредба со претходниот закон е многу поквалитетен. Сега, за ова прашање, немаме закон.

Се радувам што предлагачите најдоа за оправдано пред пратениците и Собранието да покренат една ваква иницијатива.

Што се однесува до квалилтетот на Законот од стручен аспект јас мислам дали може повеќе и поквалитетно да се изработи овој закон. Мислам дека ќе имаме можност да го поправиме и ако бевме убедени дека овој закон ќе помине во Парламентот всушност ќе се гласа од страна на пратениците јас без никакво стеснување ви кажувам дека е тешко да има мнозинство гласови оваа иницијатива, овој предлог закон кој произлегува од двајца пратеници. Меѓутоа, има нешто позитивно и треба да се спомне дека Владата има во подготовка еден закон од овој карактер кој го регулира ова прашање на употреба на симболите или знамето на етничките заедници. Колку што ми е познато се очекува овој закон да биде поквалиттен и подобар, меѓутоа, сепак повторно не сакам да навлегувам во тоа и да кажувам нешто што мнозинството пратеници не го прочитале и тешко е да се говори за Закон кој е во Владина постапка додека пратениците уште го немаат во свои раце да го прочитаат тој закон.

Мислам дека треба да го почекаме моментот кога Владата ќе го пушти овој закон во Парламентарна постапка и сигурно за квалитетот на тој закон ќе зборуваме.

Уште еднаш ги поздравувам предлагачите, направиле исклучителна работа, со самиот факт што колку толку ја мотивираат Владата да биде со отворени очи што се однесува до некои прашања кои се во однос на Рамковниот договор. Во оваа насока мислам дека е дадено на знаење,Владата иако имала предвид има своја програма на работа, сепак овој закон кој е пуштен во Парламентарна постапка од страна на двајца пратеници, сега кога велам дека и Владата е подготвена да има ваков закон, треба да го почекаме тој предлог закон од Владата и ќе беше добро предлагачите да го повлечат тој закон и да не, не донесат во позиција бидејќи сум свесен лично јас и мојата парламентарна група ќе гласаме, но сепак да не се судриме со некои прашања за кои всушност и Владата има своја определба околу имплементирањето на Рамковниот договор што директно има врска со овој закон и овие денови треба да го очекуваме тој закон да биде во парламентарна постапка.

Уште еднаш би побарал да наидеме на разбирање и да најдеме заеднички јазик Законот да се повлече со надеж во што пократок рок тој закон да го имаме во

Парламентарна постапка и тој закон сигурно треба да се изгласа, затоа што е закон што произлегува од Рамковниот договор. Предлагачот спомна од кој амандман на Уставот има основа за овој закон и во однос на Рамковниот договор, тука нема никаков сомнеж, туку само го чекаме времето кога ќе се пушти тој закон.

Незнам што друго да кажам освен да ви кажам дека ние ќе гласаме, но сепак треба да го имаме предвид фактот дали ќе помине или не. Иницијативата како таква е за поздравување, мислам дека е направена добра работа и предлагачите ја имаат мојата почит и на сите пратеници од ДУИ за работата што ја направиле во насока на ова прашање.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Слободан Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Почитувана потпретседателке, дами и господа пратеници,

Сигурно дека оваа материја остана нерегулирана и она што ни се случува во Парламентот кога пратеник предлага закон ние да бараме толкување и мислење од Владата и ако немаме мислење од Владата матичната комисија или другите комисии кои треба да го гледаат законот не го гледаат, истото се случи и со овој закон, зборувам принципиелно што не е исправно.

Во Парламентот сите идеи, сите предлози посебно од пратениците кои основна работа на пратениците е да носат, да предлагаат и гласат закони. Ние со голема недоверба гледаме кога ни доаѓа предлог закон од пратениците.

Овој закон што го предлага г-динот Рамадани, мислам дека е малку полиберален во делот на она што значи Рамковен договор. Имено, за што станува збор?

На почетокот гледавме малку со голема резерва на Рамковниот договор како македонците така и албанците. Но, кога сватија и едните и другите дека тоа е тоа што треба да функционира во Република Македонија, дека тоа е она што е желба на меѓународната заедница иако спрема Рамковнот договор и дел од македонците имаат свое мислење и опортуност и албанците имаат опортуност во делот на Рамковниот договор, македонците мислат дека многу даваат на албанците, албанците мислат дека малку добиваат, но тоа е пресечно и како такво е ставено на хартија, изгласано, поминато и во една Уставна рамка треба да се применува.

Појдовно, спрема она што е во амандманот 8 од Уставот и она што значи точка 7. 1. од Рамковниот договор каде се регулира употребата на знамињата,

сигурно дека мора да споменеме и мора да кажеме дека се оди чекор напред со овој даден законски предлог.

Она што слушнавме дека Владата во процедура изготвува нов закон за употреба на знамињата на националностите дали треба да се чека или не сигурно дека Парламентот ќе го каже својот збор, затоа што е на пленарна седница, пратениците ќе дискутираат и ќе одлучуваат по ова.

Мора да направиме една дигресија, мора да направиме едно разграничување што значи употреба на знамињата на националностите, она што значи јавни настапи и она што значи приватни настапи.

Она што е дадено во членот 4 од дадениот закон каде во Законот за знамињата стои дека употребата е 20% на припадниците на заедниците. Мислам дека ако сме се согласиле со рамковниот договор да го почитуваме она што значи принципиелна примена и она што значи припадниците каде се 20% во локалната самоуправа да се применува, тоа го кажува и Рамковнот договор и Уставот односно амандманот 8 она што значи примена на државно не е баш така, како што е даденово самиот Предлог закон. Да направам едно мало појаснување. Она што значи примена на знамето никој не може да спори за заедниците, не станува збор само за албанската заедница, туку станува збор за Ромската, Турската, Српската, Влашката и сите други заедници во Република Македонија на приватни настапи, приватно истакнување на знамето. Никој нема право да му спори да кажеме на фудбалски натпревари, на свадби, на слави, сигурно дека тие треба да имаат свое обележје, и треба да го истакнат своето знаме.

Но, кога станува збор за примена на јавни настапи, односно на јавни институции почнувајќи од државни како што се министерствата, дел од министерствата, мора да се применува она што е дадено согласно уставниот амандман 8 и она што значи дел од Рамковниот договор точка 7/1.

Имено, за што станува збор? Станува збор дека сите заедници во Република Македонија од било која етничка припадност, албанска, турска не можат да го стават своето знаме на јавни институции како што е дел од министерствата, дел од установите од јавен карактер што значи дека покрај македонското треба да биде истакнато и знамето на припадниците. Сега ние различно го толкуваме. Она што тој во самиот закон, сигурно ќе има различни видувања и токувања, она што значи јавен настап, еве да кажеме истакнување на албанското знаме, односно знамето на припадниците на албанската етничка заедница, тие кога имаат политички настан или политичка седница кога ќе биде истакнато нивното знаме, мора да биде истакнато и

македонското затоа што се поставува прашање ако биде истакнато дел на знамињата на малцинските етникуми, тогаш треба да се каже и употребата на македонското знаме. Не можеме да направиме митинг било која политичка партија од било која етничка заедница на митингот да нема задолжително на самата бина да нема македонско знаме. Тоа не е дозволено. Тоа не е дозволено во ниедна држава и ако сме се договориле дека ова е знамето на Република Македонија какво е такво е, едни викаат дека е пропелер или  незнам што такво го изгласавме и ние мора да го почитуваме како такво знаме. Дали се согласуваме или не тоа е ирелевантна работа. Вентилатор или ако го нарекуваат, треба да се почитува. Треба да биде истакнато на митинзи, како што е дадено во законската регулатива.

Друго што ми боде во очи, немам ништо против да се истакнува, сега знам дека ќе ми реагираат колегите пратеници албанци, знам како ќе биде, нашето знаме е постаро од државата. Точно е. Албанците зборуваат дека нивното знаме е постаро од државата, но не може албанското знаме да се користи во Република Македонија. Орелот нека си биде нивниот симбол, никој не може да им го земе, како што е дадено така ќе биде, но по меѓународните стандарди ние мора да направиме разграничување. Мора да има некој белег дека тоа знаме со двоглав орел, но мора да има некој белег долу или горе да се знае дека е во Македонија. Никој нема право да забележи, тоа знаме како белег, со одличје дали ќе биде црта, дали ќе биде Македонија, пропелерот ли ќе го ставаат во ќоше или што сакаат, но да има одлика, така е по меѓународните стандарди.

Друго што би сакал да кажам, мислам дека законот треба да се применува, како треба да се применува Рамковниот договор на ниво на Република Македонија, така треба да го применуваме и она што значи на локално ниво. Таму каде се до 20% незначи дека се мнозинство, туку до 20%.

Не би сакал да се повторувам, дециден е амандманот 8 од Уставот и уште по точен е членот 7 став 1 од Рамковниот договор. Мислам дека е чисто, јасно и нема потреба да се дискутира, а дека постои наслушна потреба за употреба на знамињата, Парламентот е должен што поскоро треба да се регулира оваа материја за да не ги доведе до отворено прашање и припадниците на политичките партии и силите на редот и политичките опоненти албанци, македонци да не се конфронтираат. Оваа материја треба еднаш да се затвори како што налагаат прописите и законите во духот на Европска Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика г-динот Кенан Хасипи.

КЕНАН ХАСИПИ:

Би сакал да реплицирам во делот на излагањето на г-динот Даневски, кога цело време зборува за припадниците на албанската заедница.

Прво, се работи за закон кој ги тангира сите етнички заедници, не само албанската заедница.

Втора работа со измените на преамбулата во Уставот во која етничките заедници се означени како делови од народи веќе е депласирано да се зборува дека етничките заедници немаат право да го користат изворното знаме на матичната држава.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одговор од г-динот Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Во однос на второто мислам дека г-динот Хасипи сака да ќари некој поен, не е во склопот на меѓународните стандарди, мислам на она дали да ги користат знамињата, а за првото дека јас сум зборувал само за албанската етничка заедница, мислам дека е грешка, не ме разбрал, не бил тука, не слушал, јас децидно реков за сите етникуми во Република Македонија и ги набројав, и ако треба уште еднаш ќе ги набројам, мислам дека е грешка, не ме слушал, на погрешно место е упатено прашањето.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За збор се јави г-динот Блаже Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Благодарам потпретседателке,

Јас не мислам многу да должам, сакам само да искажам некои дилеми кои се појавуваат во однос на овој предложен закон.

Факт е дека ова прашање има потреба да се регулира со цел да не се појавуваат можности за политички манипулации со овие прашања и да се создаваат околности кои ќе значат зголемување на тензиите помеѓу етничките заедници односно Македонскиот народ и етничките заедници, зависно од општината за која станува збор.

Меѓутоа, кога се предлага донесување на еден закон, пред се, треба да се тргне од реалната состојба која ја имаме во оваа област односно да се даде опис на состојбата која ја имаме денес и дали при една ситуација во која постои определена законска регулатива и во која постојат определени уставни решенија во однос на ова

прашање дали тоа се почитува доследно и како функционираат државните институции во поглед на непочитување на овие одредби.

Значи, ние бевме сведоци во добар дел од минатото, блиското минато и подалечното кога за истакнување на знамињата на пример во Гостивар, имаше реакција од страна на државните органи, каде насилно беа тргнати тие знамиња кои претставуваат национални знамиња на албанците.

Значи, Република Македонија се доведе во една ситуација во која зголемувањето на тензиите на меѓунационалните тензии беше предизвикано од истакнувањето на знамето на Република Албанија кое албанците го сметаат за свој национален симбол.

Од тие причини, сметам дека оваа состојба продолжува и понатаму да се случува и ако се остави оваа материја нерегулирана, навистина ќе се доведеме во ситуација, зависно од политичките потреби на одредени политички структури, дсали на власта или на други политички партии да се создаваат напнати ситуации и тие ситуации сигурно треба да бидат надминати на начин со што оваа сфера би се регулирала со закон.

Овозможувањето на употребата на знамињата на етничките заедници во Република Македонија во иднина треба да реши суштински повеќе прашања, од тоа за какво знаме, кое е знамето на конкретната етничка заедница, на кој начин тоа се утврдува дали значи дека мнозинското припадници на таа етничка заедница го прифаќаат како свое или тоа по некое правило треба да биде знаме на некоја друга држава во која како мнозинство живеат припадниците на таа етничка заедница.

Имаме ситуации каде на пример се појавува ромската заедница која не може да истакне знаме на држава што значи дека мора да има некое свое знаме кое ќе го чувствува како свој симбол или симбол на ромската етничка заедница.

Исто така, кога се работи за албанската на пример или турската, или српската етничка заедница во Република Македонија дали државното знаме на Република Србија, на Република Албанија или на некоја друга држава чии припадници и дел од тие народи живеат како етнички заедници во Република Македонија може да се смета како симбол на таа етничка заедница или таа етничка заедница треба да има знаме кое би се разликувало од државното знаме на припадниците на таа етничка заедница, на државата каде што тие живеат во мнозинство.

Значи, многу прашања се појавуваат и сите овие прашања треба да бидат решени на дециден начин и мислам дека решавањето на ова прашање треба да се постави на една поширока основа, да се согледаат сите аспекти на овој проблем со

цел да не се политизира ова прашање, затоа што сме сведоци дека долг временски период наназад ова прашање ги разбрануваше духовите на припадниците на одделни етнички заедници и на тој начин доведуваше до нарушување на севкупните политички состојби во Република Македонија . Јас се надевам дека истите луѓе кои создават такви состојби ќе најдат начин дефинитивно и на конкретен дециден начин долгорочно да го решат ова прашање, на начин што нема да биде во ниеден случај загрозен суверенитетот или знамето на Република Македонија, како израз на суверенитетот на Република Македонија и на тој начин да се затвори ова прашање како целина.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г-динот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитувана потпретседателске, колеги пратеници,

Би сакал да кажам неколку зборови како мој коментар. Јас мислам дека кога зборуваме за основната причина, потреба или цел да се донесе ваков закон и дали е приоритет или не, многу е добро кога слушаме, особено од пратениците кои доаѓаат од албанската заедница, да го кажуваат секогаш тоа како еден од највисоките приоритети и секогаш поврзано со Рамковниот договор и секогаш во правец на тоа дека ваков закон би требало многу порано да се донесе. Можеби тоа држи, можеби е и оправдување зошто се предлага еден ваков закон. Тоа е повеќе пати дискутирано, во повеќе наврати овој проблем е отворен, сме наидувале и на проблеми, така што за тоа дали треба оваа материја да се регулира или не апсолутно нема спор. Точно е дека треба да се регулира.

Меѓутоа, според мене, во Република Македонија денес е многу побитно да се регулира, поточно да се донесе закон или доколку има таков закон, а има, да се допрецизира и определи закон за употреба на државното знаме на Република Македонија на целата нејзина територија. Ми се чини дека тој закон е многу побитен, значи да се регулира во одредбите многу попрецизно во смисла на тоа, прво, овде како пратнеици, како припадници на заедниците па и ние како македонски народ, еднаш да утврдиме и да бидеме свесни за тоа дека македонското знаме, поточно знамето на Република Македонија во Република Македонија  на целата нејзина територија воопшто не се применува. Тој закон кој веќе постои воопшто не се применува и за тоа треба да бидеме сите свесни.

Значи, ако сакаме како припадници на заедниците, покрај тоа што ги бараме сопствените права, право да употребуваат свое знаме, право да ги истакнуваат на денови на празници на објекти како што навеле во членовите 4 и 5, пред се треба да се заложат на истите тие објекти не само во деновите на државните празници, туку и секогаш во институциите каде јасно се фиксира дека тоа се објекти на државни институции, треба да се вее знамето на државата односно знамето на Република Македонија, а особено на денови на државни празници, осбено на некои празници кои се битни за историјата на Македонскиот народ, односно историјата на Република Македонија .

Меѓутоа, сведоци сме дека еден подолг период апсолутно токму во тие делови на припадниците на заедниците кои се повеќе од 20% во тие делови, а најмногу мислам на албанската заедница, во таквите места, во таквите подрачја апсолутно до ден денес, барем јас не гледам, дека тој Закон се почитува, односно Македонското знаме се вее.

Сега мене не ми е јасно, предлагачите овде предлагаат, покрај државното знаме (зборувам за член 4 и 5) да се вее и знамето на припадниците на етничките заедници во оние делови каде се над 20%, а тоа индиректно се спомнува бидејќи знаеме која заедница има над 20%. Тоа е Албанската заедница. Значи покрај Македонското знаме, да се вее и Албанското знаме. Јас би ги прашал нив како можеме тоа да го изведеме. Сите сме сведоци дека таму воопшто државното знаме не се вее, па покрај кое знаме ќе ставиме знаме на некоја заедница или да речеме албанското знаме. Еднаш треба да бидеме доследни, треба да знаеме дека ако постои закон треба да го почитуваме, за да бараме она што според Рамковниот договор и според Уставот имаме право да го бараме. Ако веќе нешто бараме треба претходно нешто да испочитуваме, да покажеме дека навистина сме присутни тука и како пратеници, но пред се и како граѓани на Република Македонија , да покажеме висока свест за да дојде до консензус по ова прашање, за да дојде до изгласување и да не претставува проблем кај никого во Република Македонија треба да покажеме волја, особено припадниците на албанската заедница треба да покажат волја дека навистина знаат да ги почитуваат законите на Република Македонија . Кога јас лично како пратеник кој припаѓа на македонскиот народ ќе видам дека во Тетово, Гостивар и во сите оние други места каде на 20% живеат припадниците на албанската заедница, за време на државните празници, еве, да го земам “11-ти Октомври” како државен празник, кога ќе видам дека на објектот на општината и на подрачните министерства се вее државното знаме како израз на почит кон Република

Македонија , како држава која е самостојна со Устав, за која сите се декларираме, за која овде сите со епитет зборуваме, значи кога ќе го видам тоа, лесно можеме да разговараме дека меѓу нас може да псотои доверба и да дојде до вакво решение. Дури , можеме да дискутираме во однос на решенијата што ги нуди законот.

Ова би било како воведно излагање, а сега би се осврнал на она што се предлага во самиот закон. Не е оправдување, почитуван колега Хисни Шакири, тоа што Владата кажала дека ете и таа предвидува да поднесе закон и тоа не значи дека ако Владата во своето мислење напишала дека е во подготовка и ќе изготви ваков закон со ваков наслов, па аналогно на тоа тој закон ќе биде подобар од овој што го предлагаат пратениците. Тоа  не треба да биде пречка да отвориме добра дискусија и да се изјасниме дали овој закон е добар, лош, треба ли нешто да се додаде или измени. Самиот факт што овој закон се предлага со Предлог на закон, сме имале право и амандмани да поднесеме. Тоа не е оправдување. Сите знаеме дека овластени предлагачи на закони се и пратениците, покрај Владата , и не треба секогаш како пратеници - како пратеници треба барем за тоа да се избориме - секогаш тоа право на овластен предлагач да го препуштаме на Владата. Многу често го употребуваме тој збор, значи треба да бидеме “мажи” за да кажеме дека немаме храборост во овој момент ние - зборувам за нив како парламентарно мнозинство, а особено ова се однесува за ДУИ - да кажеме дали ова е прифатливо или не е. Затоа топката ќе ја префлиме на Владата итн.

Точно е дека за изгласување на овој закон е потребен поголем број пратеници, односно повеќе гласови, меѓутоа, овој закон е доставен до нас поодамна, незнам веќе колку време оваа седница ја влечеме, така што сме имале можност и време, поточно тие имале повеќе можност и време, барем затоа што ја поддржуваат Владата, да се искоординираат. Не ја гледам причината ни дека предлагачи на законот се г-динот Исмет Рамадани и Абдулади Вејсели од ПДП, затоа што според последните избори и ПДП беше коалиционен партнер, а фактички овие двајца пратеинци незнам некогаш да биле опозиција, така што многу им е блиска линијата да можат да се согласат и да излезат со еден закон и денес барем ќе слушневме нешто поконкретно. Дури, не е ниту оправдување - ај денес ќе го гласаме само заради фактот ќто сме албанци, но дајте повлечете го законот, нека го поднесе Владата. И тоа не е оправдување. Тоа покажува дека нема  “мажи” овде. Тоа е во однос на она што го зборував.

Сега г-дата Абдулади Вејсели и Исмет Рамадани сигурно нема да го повлечат од проста причина што зошто би го поднесувале ако треба да го повлечат.

Нормално, и тие се борат за сопствен рејтинг и целата работа овде е само за некаков политички маркетинг и рејтинг. Од друга страна, се обвинува ВМРО-ДПМНЕ дека е кочничарот на сите овие процеси.

Би упатил една моја сугестија до предлагачот. Јасно и евидентно е дека овој закон нема да помине и тоа не поради ВМРО-ДПМНЕ, туку пред се заради парламентарното мнозинство кое дене одвај го има за да има кворум и ако излеземе ние сигурно нема кворум, така што нема да помине од нив, а не од нас.

Второ, кога се предлага законот, конкретно членовите 4 и 5 навистина се доста дискутабилни. Членовите 4 и 5 ми наликуваат, за време на државни празници, во одредени градови и општини или како да ги наречам во Република Македонија буквално ќе личат на село весело, знамиња ќе се веат како да сме во фаза на избори. Точно треба да се знае, бидејќи според овие два члена буквално на сите институции, на сите места треба да се истакнат знамиња. Волјата на предлагачите дека овој закон се однесува на сите етнички заедници не е никаде изразена затоа што самиот процент, 20%, зборува дека другите етнички заедници според овој закон не гледам каде би истакнале свое знаме, на која институција. Можеби само кога се оди на свадба.

Овој закон треба доста да се преработува. Тие како пратнеици на ПДП имале време и простор да изградат став и консензус со своите нови коалициони партнери, така што сега да не се доведуваме во ситуација да велиме да ја чекаме Владата, а во суштина Владата се тие затоа што ја поддржуваат.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г-динот Абдулаким Адеми.

АБДУЛАКИМ АДЕМИ:

Г-дине Караџоски, ние знаеме дека вие сте адвокат, но колку што знам ДУИ не ве ангажирал да ја претставувате ДУИ овде во овој Парламент. Исто така, сите знаеме дека овде не е театар и да ве ангажираме вас како суфлер.

Споменувам дека овде нема “мажи” . Какви “мажи” сме ние , вие ова добро го знаете, а подобро го знаете вие од ВМРО-ДПМНЕ.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете г-дине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Г-дине Адеми, во адвокатската професија има давање на правна помош и безплатно, значи не грижетесе, нема да ви наплатам тоа што сметате дека ви давам услуга, ви давам услуга безпари, негрижете се. А тоа дали сте ангажирале или не е ни битно и не зборував од име на адвокат, зборував од име на пратеник. Во никој случај тоа дали има или нема “мажи” не се однесува само на вас туку на сите кои треба да гласаме. Заборавив за другото што го рече.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Само еден мал коментар. Простете колега, но очигледно и во вашата дискусија се гледа колку употребуваме одредени стереотипи мажи-жени, па се подразбира дека ако некој е “маж” треба да биде храбар. Но можеби овие дискусии вака со опоменување се добар начин да смениме нешто и во тие свои стереотипи. Простете, но морав да коментирам.

Г-динот Илјаз Халими претпоставувам дека за реплика се јавува.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Законот кој е предложен од страна на двајцата пратеници на ПДП е значаен ..

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас прашав дали се јавувате за реплика и ве разбрав-да.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

За дискусија се јавувам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Простете колега, но има збор г-ѓа Ристана Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Многу кратко ќе се осврнам на овој законски проект и ќе му дадам простор и на колегата да се искаже.

Прво би зборувала за потребата од донесување на ваков закон. Состојбата со употребата на симболите кај нас не е хаотична туку очајна. Значи потреба постои. Меѓутоа, не значи донесување брзоплето и било какво решение. Дека е краен момент да се исполни таа обврска од Рамковниот договор и да се донесе ваков закон е очигледно и потреба е насушна.

Меѓутоа, повеќе би зборувала околу она што е предложено како решение во обидот на колегите пратеници кои се погрижиле да дадат некое решени во оваа свера. Секако, обидот е за поздравување, меѓутоа, јас не би се согласила со некои предложени работи во самиот текст на Предлогот на законот.

Прво, она што се нуди како решение во неколкуте члена навистина излегува надвор од Рамковниот договор, односно точката 7.1 од Рамковниот договор е многу порестриктивна, така што овие решенија се многу полиберални и излегуваат од она што е обврска што произлегува од Рамковниот договор. За да бидеме децидни и јасни, ќе ја прочитам Точката 7, во која се вели во однос на симболите: “ непосредно до симболот на Република Македонија локалните власти ќе ја имаат слободата на предната страна од локалните јавни објекти да постават симболи со кои се обележува идентитетот на заедницата која е во мнозинство во општината со почитување на меѓународните правила и примени”. Тоа е она што стои во Рамковниот договор и тоа е обврска што произлегува од Рамковниот договор, во која рамка треба да го ставиме ова законско решение.

Во членот 2 , став 2 на Предлогот што е понуден немаме задоволување и почитување на она што се вика меѓународни правила и примена, пред се околу дефинирањето на знамето. Значи не се почитувани меѓународните правила за изгледот на знамето. Овде се направил некаков обид да се дефинира знамето, меѓутоа, треба да знаеме дека меѓународните правила подразбираат да не се употребува знаме на друга држава. Значи мојата забелешка е околу оваа дефиниција. Националностите можат да си го изразат својот идентите, меѓутоа, тоа да не биде знаме односно мора да биде поразлично од знамето на државата која веќе официјално го употребува таквото знаме. Тоа се меѓународни стандарди.

Потоа, во употребата на знамето како што се предлага тука имаме “приватни и јавни настани” , она што значи приватен настан навистина не го спорам и она што го предложиле е вред. Меѓутоа, околу јавниот настан јас мислам дека предлагачите требале да предвидат една обврска за организаторот на јавниот настан, кој ќе има обврска да обезбеди употреба на државното знаме. Со ваква одредба би се лоцирал виновникот за непочитување на одредбата. Со тоа би добиле едно квалитетно решение.

Такво нешто во овој предлог не е предвидено. Сега каде, по однос на институциите, се истакнува знамето, во она што значи Рамковен договор, што е преточено во амандманот 8. Многу е јасно издифиренцирано дека се употребуваат симболите на заедниците, само во локалната самоуправа, а не и на државни

институции. Во она што е предлог имаме една мешавина, каде што се спомнуваат и државни институции.

На пример, во членот 5 став 3 вели: “подрачна единица на Министерството”, тоа е ве молам државна установа, така да не е мжно да се употребува така националниот симбол, затоа што тој произлегува од обврската која сме ја презеле со Рамковниот договор.

Околу процентот во членот 4 вели: “на заедниците кои се 20% од населението”, никаде не стои такво нешто во Рамковниот договор, така што со тоа се исклучуваат другите заедници, кои можат исто така, рамноправно да ги употребуваат своите симболи, онака како што ќе биде точно законски определено.

Значи употребата на симболите, треба подеднакво да важи за сите заедници во Македонија, без разлика, колку нив ги има. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има господинот Илјаз Халими.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Благодарам госпоѓо потпретседател, што се однесува до овој предлог мислам дека е многу значаен. Ние знаеме дека има над 10 години од кога постои проблемот во однос на употребата на знамињата на етничките заедници, меѓутоа исто се однесува на употребата на знамето, на државното знаме. Спомнувам многу порано, кога разговаравме ние како претставници на политички партии меѓу нас, кога разговаравме за тоа какво државно знаме треба да има Македонија, имало доста спротивности и факт е дека ова знаме не е донесено со консензус, за жал, и токму овде стои и проблемот што тоа знаме не се употребува рамноправно со знамињата, односно националните знамиња на народите кои што живеат во Република Македонија.

Значи, да се надоврзам на тоа што го кажа господин Караџоски. Значи постои потреба да се дискутира, да се разговара што се однесува на државното знаме, меѓутоа и што се однесува на употребата на знамињата на етничките заедници, еднаш засекогаш тоа да се реши.

Што се однесува до албанците, албанците факт е дека го имаат нивното национално знаме и природно дека тоа знаме ќе биде постојано во употреба, без оглед што се употребува и во албанската држава. Вистина е тоа дека ова знаме се веело над 500 години, а друго е тоа што потоа се поставиле административни

граници и со самиот факт што се поставиле тие граници и албанскиот народ останал поделен во другите делови на државите, покрај албанската држава и тоа не значи дека треба да се оспори употребата на тоа знаме. Всушност, овде имаме недоразбирање, всушност не можеме да се разбереме и ова прашање се одолговлекува. Затоа предлагачите се обиделе да дадат едно решение со овој закон, така што не треба вака едноставно да се отфрли. Јас жалам што еден од говорниците овде претходно даде до знаење, со самиот факт што е предлог од двајца пратеници, ова нема да помине. Без оглед на тоа од кого се предлага овој закон, јас мислам дека треба да се гледа квалитетниот аспект, аспектот на квалитетност и колку е во функција на регулирање на едно прашање кое што е сеуште отворено и како такво да се поддржи или не. А не во зависност од тоа од каде доаѓаат предлозите. Ако доаѓаат од опозиција, природно мнозинството не треба тоа да го прифати, да го изгласа, меѓутоа ако некој сличен закон ќе го предложи позицијата, всушност тој закон ќе помине. Значи тие инаети и зависти треба да се елиминираат и не треба да постојат.

Од самите дискусии, мислам дека ќе дискутираат и други пратеници на позицијата и може да се забележи и расположението колку месеци што се подготвува во Владата тој закон, колку ќе ги исполни тој нашите барања и да го реши ова прашање. Претходно се знае, се гледа дека можеби ќе се донесе тој закон, меѓутоа нема да биде во интерес на албанците, се разбира и на другите заедници, како што би требало да биде. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Ќенан Хасипи.

ЌЕНАН ХАСИПИ:

Госпоѓо потпретседателке, јас во последен момент, иако немав намера да продискутирам, повод за моето јавување и дискусија е ванѓелската видовитост на господинот Караџоски, кој откако констатира дека постои правен вакум во оваа сфера, си најде за сходно да каже од кои причини е понуден законот, па дури знае дека предлагачите го понудиле од макретиншки причини.

Меѓутоа, јас би сакал на некои работи да се осврнам.

Прво, дека има правен вакум во оваа сфера, не е спорно.

Второ, дека има потреба и оваа сфера да се регулира со закон и тоа не е спорно.

Од излагањето на големиот број дискутанти произлезе дека де факто и тие се за тоа оваа сфера да се регулира со закон. Се разбира дека каде, како и кога ќе се користи знамето, може да предизвика спорни ситуации и оваа тема е и те како чувствителна, доколку во расправите ги користиме нашите емоции, јас сум сигурен дека ќе западнеме во некој ќорсокак, од каде што излез нема.

Лично верував дека после неколку години, во Република Македонија е создадена демократска подлога, за да може и по вакви сериозни теми да се продискутира сериозно и без емоции.

Јас само сакам да ве потсетам дека бев еден од учесниците во ова парламентарно Собрание, кога се донесуваше законот за употреба на знамињата на етничките заедници во далечната 1996 година и сакам само да потсетам на една ситуација што се случи на комисиската расправа. Еден наш колега, полн со емоции рече: “Господа ние ќе се сопињаме на знамињата, ние не ќе можеме да дишиме од знамињата”. Јас реагирав дека знамињата нема да се постелат на асвалт па да се сопиња колегата, ниту пак конзумираат кислород, за да се гуши човекот. Ние имаме можеби над 50 годишен период на стекнато право на користење на знамињата на националностите во бивша Југославија по строго одреден распоред. Се знаеше на највисоко ниво кое знаме ќе биде и се пониско се редеа и другите знамиња. Така да, едно искуство во користењето на знамињата го имаме од поранешниот период. Кога еднаш се обидовме и оваа сфера да ја регулираме со закон, се случија немили настани и целиот овој период постои еден правен вакум во таа сфера.

Јас ја користам приликата на господинот Исмет Рамадани да му честитам за обидот и оваа сфера да ја покрие со одредена законска регулатива, иако лично сметам дека во некои одредби од предложениот закон од негова страна, може да се оди и со подобри решенија. Во крајна линија и овде сега и веројатно во периодот кога Владата ќе подготви еден закон во оваа сфера ќе се придржувам на принципот дека сите етнички заедници во Република Македонија се набројани во Уставот, имаат право да го користат своето знаме во изворна форма, без оглед на нивната процентуална застапеност во земјата, од едноставна причина што знамето е еден симбол, кој што сериозно укажува на етничкиот идентитет на таа заедница и дека таа сфера не се врзува за проценти.

Во секој случај, иницијативата ја поддржувам и би требало барем од страна на колегите, без многу емоции и без меѓусебни напаѓања да се продискутира на оваа тема. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

За реплика се јави господинот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Имам впечаток дека колегата апелот за сериозна дискусија или дискусија воопшто што упати, се однесува на пратеничката група на СДСМ, која што до сега не се појави барем со една дискусија, за да го изкаже својот став по ова прашање, а не би сакал да помислам дека го чека мислењето на Владата за да може да се изјасни.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Тоа не беше реплика господине Ќенан Хасипи. Не се однесува на вас. Не се однесува на вас и на вашата дискусија.

Повелете господине Хасипи.

ЌЕНАН ХАСИПИ:

Госпоѓо потпретседателке јас не знам врз база на што вие претпоставивте дека не се однесува на мене. Ова беше реплика и конкретно се однесува на мојата дискусија. Инаку бидејќи во расправата се покрена прашањето на мажи, еве јас ќе речам дека навистина ќе го поддржам предлогот, ако со тоа се докажува кој како е маж, меѓутоа, повторно видовитоста ви е на дневен ред.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За дискусија се јавува господинот Хисни Шаќири.

ХИСНИ ШАЌИРИ:

Јас ќе се потрудам да бидам што пократок, бидејќи учествував во општата дебата и го изнесов моето размислување во врска со ова прашање.

Јас ова го разбирам како еден многу сериозен закон и бев совесен дека оваа иницијатива која произлезе од двајца пратеници е да се поздрави, но длабоко сум

убеден дека нема да помине, со самиот факт дека до сега иницијативите произлезени од пратениците, во ниту една коалиција не поминаа.

Треба да спомнам еден конкретен случај. Истиот пратеник Исмет Рамадани пред 2000-та година, имаше една иницијатива за измена на Законот во однос на државјанството. Тој закон не го поддржа мнозинството на пратеници, но зошто да не речам ниту еден пратеник од тогашната коалиција. За ова има и факти и добро е да се земат стенограмите и добро е да се земе листата и се знае многу добро дека во таа расправа во таа дебата, жалам, знаејќи ја состојбата околу прашањето на државјанството, посебно во Куманово и скопско не го видоа за сходно пратениците на тогашната коалиција да го гласаат тој закон. Исмет го знае ставот на некои пратеници, но ќе биде излишно да зборувам повеќе во оваа насока, бидејќи сугерирам на сите уште еднаш, барам таа листа да се изнесе и да се види кој како има гласано. А ние во овој момент имаме смелост и јасно искажувам дека ќе го поддржам овој закон и ќе гласам за. Ова е нашата смелост. Мислам дека во оваа насока немаме никаква резерва и затоа мислам дека сме отворени, транспарентни и треба секогаш во оваа насока како пратеници да го имаме делот на одговорноста што ни припаѓа. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има господин Зуди Џелили.

ЗУДИ ЏЕЛИЛИ:

Почитувана потпретседател, почитувани пратеници,

Јас не знам зошто да не поминат иницијативите, предлозите на пратениците, во конкретниот случај на двајцата пратеници на ПДП, од причина што е предлог кој што нуди едно решение за една проблематика, за една област, која што долго време барала решение и до сега никој не видел за упатно да го реши овој проблем.

Ако сите констатираме дека оваа материја е добро да се регулира со закон и ако сите се согасуваме дека имаме уставна поддршка и основ, значи со уставните измени едно право, оваа материја да се регулира со закон и тоа право е гарантирано.

Се додека оваа материја е чувствителна и како резултат на тоа прашање што долго време било отворено имало и последици, има и до ден денес и ќе има и во иднина.

Колку побрзо го решиме овој проблем е добро овие пристапи, овие предлози да се разгледаат од страна на пратениците, независно од тоа дали има или нема мислење од Владата и пратениците да покажат дека се независни, од причина што се избрани директно, непосредно од народот и да одлучуваат за доброто на граѓаните на Република Македонија.

Јас ќе ви кажам уште еднаш дека последиците од празнината на оваа област, сме ги доживеале сите дури и токму прашањето на знамето било причина на неколку инциденти и на зголемување на тензиите меѓу заедниците.

Кога се зборува за знамињата на заедниците, овде се подразбира изнамето на македонската заедница. Не дека македонците се народ, а другите миноритети. Ние сега имаме една нова терминологија за преамбулата на Уставот на Република Македонија, каде Македонија се претставува како мултиетничка држава каде што живеат повеќе заедници. Сега доаѓа до израз тоа дека навистина имаме голем проблем, што се однесува на државното знаме, од причина што државното знаме треба да ја претставува внатрешната реалност на Македонија, како држава која што е мултиетничка, каде се појавуваат повеќе народи, повеќе конфесии и повеќе култури. Јас сум на мислење дека во иднина овој проблем ќе се реши на овој начин. Да има државно знаме, кое што ќе ја претставува волјата и расположениeто на сите што живеат во Македонија и покрај државното знаме да се виорат и знамињата на заедниците, на поголемите заедници, исто така и на другите заедници кои што живеат во Македонија, избирајќи го на таков начин, што ќе го гарантира и Уставот.

Затоа мислам дека албанците ќе го почитуваат државното знаме, тогаш кога тоа знаме ќе се изгласа со мнозинство гласови и од заедниците, кои што не се мнозинство во Македонија. Токму мислам дека оваа иницијатива на пратениците на ПДП е добра иницијатива, која што отвори една дебата, која што дебата треба да резултира со едно конкретно решение, решение кое што ќе биде среќно за сите во Македонија. Јас ја поддржувам оваа иницијатива. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали уште некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување закон за употреба на знамињата на претставниците на заедниците во Република Македонија.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 15 за, 4 воздржани, негативно 40.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници што гласале.

Во моментот биле присутни 63 пратеници. Гласањето е полноважно.

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

Следна на дневен ред е 38 точка - **Предлог на одлука за основање на анкетна комисија за испитување на шверцот со нафта во Република Македонија.**

Доколку сакате сега да продолжиме (се слушаат гласови од пратениците).

Тогаш ја прекинувам седницата, со тоа што сакам да ве известам утре во 10 часот имаме закажано ЗПК. Таму има доста пратеници, така што останува евентуално за 11 часот да ја закажеме, со тоа што имајте на ум дека се четири точки, кои не мора да траат долго. Така што начелно да имаме договор дека утре во 11 часот продолжуваме. Дополнително ќе биде потврдено до вечерва оваа информација.

(Седницата прекина во 17,05 часот).